**Средно општинско земјоделско училиште**

***„КУЗМАН ШАПКАРЕВ“***

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

**за работата на училиштето од 2021 до 2023 година**



**Битола, 2023 год.**

**СОДРЖИНА**

Лична карта .......... 4
Училишна комисија за самоевалуација .......... 5
Извори и средства користени за самоевалуација .......... 6

Подрачје 1: Наставни планови и програми .......... 8
1.1. Организација на наставните планови и програми
1.2. Квалитет на наставните планови и програми
1.3. Вонаставни активности

Подрачје 2: Постигнувања на учениците .......... 26
2.1. Постигнувања на учениците
2.2. Задржување / осипување на учениците
2.3. Повторување на учениците

Подрачје 3: Учење и настава .......... 39
3.1. Планирања на наставниците
3.2. Наставен процес
3.3. Искуства на учениците од учењето
3.4. Задоволување на потребите на учениците
3.5. Оценувањето како дел од наставата
3.6. Известување за напредокот на учениците

Подрачје 4: Подршка на учениците .......... 56
4.1. Севкупна грижа за учениците
4.2. Здравје
4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците
4.4. Следење на напредокот

Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето .......... 66
5.1. Училишна клима и односи во училиштето
5.2. Промовирање на постигањата

5.3. Еднаквост и правичност
5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедни

Подрачје 6: Ресурси ........ 80
6.1. Сместување и просторни капацитети
6.2. Наставни средства и материјали
6.3. Обезбедување на потребен наставен кадар
6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар
6.5. Финансиско работење на училиштето

Подрачје 7: Раководство, креирање политика,развојно планирање ........ 89
7.1. Управување и раководење со училиштето
7.2. Цели и креирање на училишната политика
7.3. Развојно планирање

## ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО – Општи податоци за училиштето

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | **СОЗУ „Кузман Шапкарев”** |
| **Вид на училиште** | Средно стручно училиште<br>**земјоделско-ветеринарна струка** |
| **Образовен профил** | **Техничар за ветеринарна медицина**<br>**Техничар за фитомедицина**<br>**Агротехничар**<br>**Техничар за агроменаџмент** |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Директор** | Кривевски Благојче |
| **Претседател на училишен одбор** | Крстевски Златко |
| **Адреса, општина, место** | ул. Димитар Робев бр. 3, Битола, Битола |
| **Телефон / фах** | 047/238-401 |
| **Ввеб страница** | www.kuzmansapkarev.edu.mk |
| **Фејсбук страница** | facebook.com/sozukuzmansapkarev |
| **е-маил** | ksapkarev@hotmail.com |
| **Број на вработени** | 35 |
| **Број на наставен кадар** | 19 |
| **Број на стручни соработници** | 2 |
| **Административни работници** | 4 |
| **Техничка служба** | 9 |
| **Директор** | 1 |
| **Визија** | *“Нашето училиште да биде здрава и безбедна средина во која секој може да научи, да ги развива своите индивидуални перформанси и да стекне знаења и вештини кои успешно ќе ги применува во општествената заедница.”* |

## УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Претседател - координатор:** Кривевски Благојче
**Членови:** Филиповска Марија - психолог; Христовска Нада - наставник
Каранфиловски Зоран – наставник; Снежана Мојсовска Саламовска – родител

**РАБОТНИ ТИМОВИ ПО ПОДРАЧЈА**

1. **Наставни планови и програми**

- Марија Филиповска - претседател
- Владимир Илиевски- член
- Дејан Јаневски – член

2. **Постигнувања на учениците**

- Нада Христовска - претседател
- Славица Трајковска - член
- Зоран Каранфиловски- член

3. **Учење и настава**

- Мимоза Христова - претседател
- Душанка Соколовска - член
- Снежана Петрова – родител

4. **Поддршка на учениците**

- Живка Иванова - претседател
- Катерина Раденков - член
- Моника Талевска – член

5. **Училишна клима и односи во училиштето**

- Дијана Котевска - претседател
- Славка Каракамишевска - член
- Јасмина Стефанова – член

6. **Ресурси**

- Лидија Трајкова - претседател
- Златко Крстевски - член
- Зоран Трајчевски – член

7. **Управување, раководење и креирање политика**

- Илија Петровски - претседател
- Валентина Ѓорѓиевска Павлеска - член

- Филип Јаковлевски – член

## ИЗВОРИ И СРЕДСТВА КОРИСТЕНИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

- Статут на училиште;
- Годишна програма за работа на училиштето;
- Интерни акти/кодекси на училиштето;
- Правилник за организација и систематизација на работата и работните места;
- Самоевалуација на училиштето и план за развој на училиштето;
- Програма за работа на директор и стручна служба;
- Програма за професионален развој на наставниот кадар;
- Програма за работа на менторот и нововработениот во текот на учебната година;
- Наставни планови и програми донесени од МОН;
- Проекти на училиштето во функција на развивање на практичните вештини на учениците
- Документација за добиени спонзорства и донации
- Документацијата на училиштето за набавување на стручна литература, наставни помагала,планирани и набавени потрошни материјали;
- Библиотечната евиденција;
- Листи од спроведени интерни обуки
- Професионални досиеја на вработените;
- Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час на планирањето на наставниците;
- Извештаи од увид на часови од страна на стучна служба на училиштето и ДПИ;
- Полугодишен и годишен извештај;
- Евиденција на заминати или новодојдени ученици (преведници и др.).
- Записници од просветна и санитарна инспекција;
- Планирања на наставниците;
- Педагошка евиденција и документација;
- Правилник за оценувањето, напредувањето, полагањето на испити, видови на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците;
- Инструменти за оценување (тестови на знаење, листи за проверка, бодовни листи, досиеја на ученици);
- Распоред на часови
- Програма за работа на ученичката заедница;
- Паноа со пофалби, награди, дипломи, признанија од учество на манифестации и натпревари;
- Медиумско промовирање на постигањата на учениците

- Записници од: наставнички совет, стручни активи, училишен одбор, совет на родителии и локална самоуправа.
- Податоци за организирани трибини и предавања во училиштето;
- Записници од надлежни органи за контрола на хигеиената и здравјето на учениците
- Анкети со директор, стручна служба, наставници, родители и ученици;
- Интервјуа со директор, стручни соработници, наставници, родители и ученици;
- Увид во документација на училиштето.

Работните тимови од училиштето извршија самоевалуација за работата на СОЗУ „Кузман Шапкарев“ - Битола, за период од 2021 година до 2023 година. Во текот на работата, тимовите имаа средби и разговори со вработените, извршија проверка на потребната документација, спроведоа анкети со ученици, наставници и родители.

Самоевалуацијата се изврши врз основа на добиените вредности од Интегралната евалуација на Државниот просветен инспекторат и Развојниот план на училиштето.

Целта на самоевалуацијата беше да се согледа целокупната состојба за работата на училиштето, да се детектираат слабите и јаки страни од сите седум подрачја кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето

1. Наставни планови и програми
2. Постигнување на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима и односи во училиштето
6. Ресурси
7. Управување, раководење и креирање политика

**ПОДРАЧЈЕ 1:** НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

| **БР.** | **ОДДЕЛИ ВО РАМКИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО** | **ИНДИКАТОРИ НА КВАЛИТЕТ** |
|---|---|---|
| **1.1.** | *Реализација на наставни планови и програми* | • Реализирање на наставата во СОЗУ „Кузман Шапкарев“ – Битола, во согласност со модуларно дизајнираните наставните планови и програми за стручно образование и се во согласност со Министертвото за Образование и Наука, Центарот за Стручно Образование и Обука и Бирото за Развој на Образованието.<br>• Информираност на родителите за целите на наставните планови и програми<br>• Поддршка на учениците со посебни образовни потреби преку работа со приспособени наставни планови<br>• Достапност за учениците до изборни предмети кои соодветствуваат на потребите на локалната средина<br>• Реализација на проширени програми и разновидност во понудата на проектни активности кои соодветствуваат на потребите на учениците.<br>• Сите видови на настава: задолжителна, дополнителната и додатната настава се планирани и реализирани. |
| **1.2.** | *Квалитет на наставните планови и програми* | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала<br>• Интегрирање на особеностите на локалната средина во наставните планови, програми и наставата<br>• Изготвени насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставните планови и програми кои се реализираат<br>• Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми.<br>• Училиштето искористува се она што може да понуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи но исто така, Оптимално користење на постојната литература и ако сеуште по голем број на предмети нема соодветна литература и учебници а материјално-техничките услови за работа вклучувајќи ја и ІКТ програмата ги задоволуваат потребите. |
| **1.3.** | *Воннаставни активности* | • Разновидност на планирани и реализирани воннаставни активности |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Вклученост на учениците во осмислувањето, организирањето и реализирањето на воннаставни активности<br>• Подигање на културно-образовното ниво на учениците преку организирање на воннаставни активности од областа на здравственото воспитување како и безбедноста на учениците и други теми кои ги предлагаат учениците, а кои одговараат за нивната возраст<br>• Афирмирање на училиштето како и афирмирање и развивање на различни видови на вештини кај учениците, преку организирање на различни воннаставните активности и учество на различни проекти, трибини, работилници и сл. |

**Собирање на податоци (Кои податоци се собрани, Кои методи се користени)**
**И Обработка на документи**

| **Наведете ги сите документи** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| **Наставни планови и програми (разговор и анкети со наставниците)** | Наставниот процес се одвива врз основа на Модуларно дизајнираните наставните планови и програми за стручно образование и се програмски документи изработени од Центарот за Стручно Образование и Обука и Бирото за Развој на Образованието а усвоени и доставени од Министертвото за Образование и Наука. |
| **Годишни и тематски планови по наставни предмети и планови за вонннаставни активности за оваа учебна година (разговор со наставниците)** | Врз основа на наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат годишни и тематски планови по сите наставни предмети, планови за воннаставни активности како и планирања за додатн и дополнителна настава. Сите се изработени за тековната учебна година се наоѓаат во канцеларијата на стручната служба во електронска форма. |
| **Годишна програма за работа на училиштето (доставена на увид)** | Пред почетокот на секоја учебна година, училиштето усвојува Годишна програма за работата на училиштето во која, покрај другото, се планираат активностите за реализација на наставните планови и програми како и за реализација на воннаставните активности. Училиштето ги реализира следниве проекти: Меѓуетничка интеграција во образованието, Безбедни училишта, ЕКО – проект. Во Годишната програма се планирани и приоритетни задачи за унапредување и интензивирање на соработката со родителите што треба да има позитивно влијание врз сите сфери од ова подрачје. Годишната програма се наоѓа во канцеларијата на Директорот. Исто така се предвидени едукативни предавање од обласата на здравство, ментално здравје и безбедност на учениците. |
| **Годишна програма за работа на директорот** | Пред почетокот на секоја учебна година, директорот изработува Годишна програма во која ги планира своите активности поврзани со реализација на воспитно-образовната дејност и зголемување на нејзиниот квалитет. Дел од Програмата за работа на директорот, во поглед на ова подрачје, е контрола на годишните и тематските планови, посета на часови и сл. Оваа програма е дел од Годишната програма за работа на училиштето. |
| **Годишна програма за работа на стручниот соработник- психолог** | Пред почетокот на секоја учебна година стручниот соработник психологот изработува Годишна програма за работа на психологот, во која ги планира своите активности. Планирани се активности за образование на односите меѓу половите и нивните сексуални врски, репродуктивното здравје, болестите ХИВ/СИДА и зависноста од дроги (работилници, предавања) |

| | |
|---|---|
| | како и предавања од областа на менталното здравје која како тема се наметна по појавата на светската пандемија. Овие програми се дел од Годишната програма за работа на училиштето. Пред почетокот на секоја учебна година стручниот соработник психологот изработува Годишна програма во која ги планира своите активности. Планирани се следните активности : учество во имплементацијата на новиот наставен план и програм во училиштето, педагошко – инструктивна работа со наставници во однос на годишните планови, тематските и дневните подготовки, следење на учениците во совладувањето на содржините на новиот наставен план и програма, следење на деца сопосебни образовни потреби, советување на родители и сл. |
| **Годишна програма за работа на стручните активи во училиштето** | Пред почетокот на секоја учебна година стручните активи изработуваат годишна програма во која ги планираат своите активности. Во поглед на наставните планови и програми очигледно е дека сите активи во својата програма вклучиле активности за реализација на наставните планови и програми. Тие се дел од Годишната програма за работа на училиштето. |

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** | **Активности** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Модуларни наставни планови и програми** | | |
| **1.1** | **Реализација на модуларни наставните планови и програми** | | |

| | |
|---|---|
| | **ПРЕГЛЕДАНИ ДОКУМЕНТИ:**<br>• Наставни планови и програми од МОН, БРО и ЦСОО;<br>• Годишна програма за работа;<br>• Глобални и тематски планирања наставниците;<br>• Оперативни планирања за час на наставниците;<br>• Е-дневник;<br>• Записници од состаноци на Совет на родителите;<br>• Записници од стручни активи;<br>• Интервју со стручен соработник;<br>• Анкети со наставници, ученици и родители; |
| | **ТЕМИ:**<br>• Применувани наставни планови и програми;<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br>• Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби;<br>• Избор на наставни предмети;<br>• Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето; |
| | **АКТИВНОСТИ:**<br>• Наставните планови и програми изготвени и донесени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образование се програмски документи според кои работат наставниците во текот на учебната година. Наставниците ги усогласуваат овие програмски документи со своите долгорочни, среднорочни и краткорочни планирања, адаптирајќи ги со условите за работа во училиштето, потребите на учениците и потребата од достигнувањето на целите опфатени со програмските документи.<br>• Наставата целосно се организира и реализира во согласно наставниот план за средно образование и наставни планови и програми донесени од Министерството за образование и наука. Училиштето ги реализира само наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука.<br>• На почетокот на секоја учебна година, на првите родителски состаноци и класни часови со учениците, се доставуваат информации за предметите кои ќе се изучуваат во текот на учебната година, родителите и учениците се запознаваат со постојните релевантни училишни документи како: куќен ред, кодекси на однесување, педагошки мерки и новини во однос на тековни активности или задолженија во претстојниот период. Учениците се запознаваат и со целите на наставата во текот на самите часови по одделните предмети кои ги изучуваат во училиштето, од страна на предметните наставници. Родителите можат да добијат детални информации за целите на наставните планови за кој било предмет во психолошко – педагошката служба која |

| | |
|---|---|
| | има целосен увид во планирањето, за начинот на реализација на наставните планови и мониторинг на истите на барање и по потреба. За сите ученици со посебни образовни потреби постои инклузивен тим на ученикот/ката, а родителите се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност.<br>• Родителите и учениците немаат некое поголемо директно влијание врз начинот на изработка на наставните планови и програми, во случај на увидување за дополнување истото можат да се обидат да г направат преку давање свој предлог.<br>• Наставниците исто така не секогаш се вклучени при измените на наставните планови и програми, но сепак по нивни иницијативи можна е промена и надополнување. Би истакнале како мотивирачки пример кој се спроведе претходно во периодот од 2018-2021год, при подготовката на модуларните наставни планови односно според РЕШЕНИЕТО за донесувањена наставните планови за реформирано техничко образование од земјоделско-ветеринарна струка со бр.12-15002/1 од 12.12.2018година и имената и дополнувањето со бр. 13-6552/1 од 11.06.2019година Латинскиот јазик не се изучува повеќе во смерот Ветеринарен техничар. Стручните професори кои предаваат група ветеринарни предмети поднесоја мислење до СТРУЧНИОТ АКТИВ за да се врати латинскиот јазик. Се поднесе БАРАЊЕ со бр. 03-35/1 од 25.01.2021год. до МОН, БРО, ЦСО за повторно воведување на латинскиот јазик во средно стручно образование. Со решение од МОН со бр. 13-8400/2 од 05.07.2021год. и информација од ЦСО со бр.08-426/1 од 21.07.2021 од учебната 2021/2022година во I година повторно се започна со изучување на латинскиот јазик. Преку прилагодување на практичните вежби и по предметот учење преку работа кај работодавач преку делумно креирање на модулите во согласно со потребите на учениците, наставниците можат да придонесат до поуспешна реализација на наставните планови и програми.<br>• Класните раководители ги информираат родителите за наставниот план на почетокот на учебната година, на родителска средба.<br>• Учениците исто така за наставните планови и програми се запознаваат најпрво на првиот класен час и во текот на учебната година се информираат преку предметните наставници за содржината и целите на наставната програма, за секој предмет поединечно.<br>• Покрај добиените информации во училиште ,за наставните планови и програми за четиригодишно стручно образование, учениците, родителите и наставниците имаат можност, по електронски пат додатно и континуирано да се информираат на веб страната на Центарот за стручно образование и обука и БРО.<br>• Учениците имаат можност да одберат изборен предмет преку листа од понудени предмети), и во согласност со родителите, учениците според својот афинитет избираат кои предмети ќе ги изучуваат. Ваков избор прават ученици од IV степен во Iгодина и тие изборни предмети ги изучуваат во III и IV година.<br>• Во училиштето учат 3 ученика со ПОП за кои се подготвуваат ИОП кои се во согласно со потребите на ученикот се со цел повисоки образовни постигнувања.<br>• Училиштето нуди програми за слободни часови/проектни активности, за учениците од четиригодишно образование, во согласност со наставниот план.<br>• Учениците се вклучени во планирање на активностите за реализација на проектни активности.<br>• Слободните ученичките активности се во голема мера застапени. Неколку секции функционираат според интерсите на |

| | |
|---|---|
| | учениците: еко – секција, хуманитарна секција, соработка со компании, спортски секции и др. Од еко секцијата произлезе и „Тим Широк Сокак“ кој под менторство на професорките Лидија Трајкова и Живка Ианова освоија и прво место на UPSHIFT и со донација се подигна еко градината за органски чаеви.<br>• Исто така, наставниците во своите планирања имаат вметнато еко-содржини и ИКТ содржини.<br>• Училиштето не подготвува проширени програми.<br>• Додатна настава се реализира по потреба, односно пред натпревари. Причина за тоа се недоволен интерес кај учениците.<br>• Дополнителната настава редовно се планира и реализира за сите ученици кои покажуваат слаб успех и имаат проблеми во совладувањето на наставните содржини. |

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** | **Активности** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Модуларни наставни планови и програми** | | |
| **1.2.** | **Квалитет на наставни планови и програми** | | |
| | **ПРЕГЛЕДАНИ ДОКУМЕНТИ:** | | |

| | |
|---|---|
| | • Наставни планови и програми од МОН;<br>• Годишна програма за работа и годишн извештај за работењето на училиштето;<br>• Глобални и тематски планирања на наставниците;<br>• Опреративни подготовки за час на наставниците;<br>• Програми за дополнителна настава<br>• Е-дневник;<br>• Педагошка евиденција:<br>- Евидентни листови за следење на планирањата на наставниците<br>- Евидентни листови за посета на часови<br>- Записници од наставнички совет<br>- Записници од претходни инспекциски надзори<br>- Увид во добиени потврди за учества во активности, проекти, натпревари на наставници и ученици учество во активности и натпревари<br>- Потврди за освоени награди<br>- Издадени пофалници на ученици за учество во активности и натпревари<br>• Записници од стручни активи;<br>• Анкети со наставници, ученици и родители |
| | **ТЕМИ:**<br>• Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните планови, програми и наставата<br>• Изготвени насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставните планови и програми кои се реализираат<br>• Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми |
| | **АКТИВНОСТИ:**<br>Училиштето тековно се грижи за квалитетот на наставата и во најголем дел оваа се прави во координација помеѓу директорот и педагошко-психолошката служба како поддршка на наставниците. Континуирано се следи квалитетот преку ***евидентни листови за следење на доставени планирањата на наставниците*** и ***евидентни листови за посета на часови***, со чија помош службата располага со информации за начинот и реализацијата на планирањата на наставниците. Во рамките на реализација на наставните планови и програми е вклучена и проверката на постигнувањата на учениците, па така и оценувањето (писмено и усно) е интегрирано во процедурата за планирање, следење и евалуација на наставниот процес. Прашањата поврзани со квалитетот на наставата се вклучени и во анкетите за родители и ученици, со што се потврдува дека во училиштето еден од приоритетите е повисоки постигнувања на учениците како и посветување големо внимание на развивање различни практични |

вштини. Во тој поглед, педагошката служба, заедно со наставниците, придонесува за обезбедување на успешна реализација на наставните планови и програми.
Сите наставници вршат интегриранопланирање во своите планирања за настава со содржини од проектот: „Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем”. Во училиштето исто така успешно се реализира и спроведува проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ со активности на ниво на училиште. Во тематките планирања се интегрирани часови со примена на ИКТ, ЕКО стандарди и активности од проектот МИО.

- **Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала**

Родовата и етничката рамноправност и мултикултурната сензитивност во наставните програми е застапена преку реализирање на содржини од образование за Животни вештини, Граѓанско образование и Историја. Исто така по дадено согледување од страна на наставниците, во наставните планови и програми нема содржини кои поттикнуваат полова и етничка нерамноправност. Како позитивен пример, на часовите по Граѓанско образование се обработуваат теми за полова и етничка рамноправност и почитување на човекови права.

- **Интегрирање на особеностите на локалната средина во наставните планови, програми и наставата**

Во реформираните наставни планови и програми се интегрирани потребите на пазарот на трудот и локалната заедница. Училиштето прибира и разгледува мислења за НПП преку стручниот актив, управен одбор, совет на родители и. Наставниците, учениците, родителите и социјалните партнери имаат влијание во реализацијата на наставните планови и програми преку успешна соработка со локалниот бизнис секор каде се одвива и учење преку работа кај работодавач, кој после воведувањето како предмет во новите модуларно дизајнирани наставни планови и програми секоја година се надопонува и подобрува се со цел по завршувањето на IVгодишното стручно на пазарот на трудот се понуди се поквалитетен кадар.

- **Изготвени насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставните планови и програми кои се реализираат**

Наставниците за време на планирањето на наставните планови и програми водат сметка за вградување на меѓупредметните цели. Во рамките на реализација на воннаставни активности, проширени програми и проектни активности, работата со училишната заедница, се вложуваат напори во иницијативноста кај учениците, развивање на самодовербата, почитување на различностите, на човековите права, градење на свеста кај учениците за концептот на добар граѓанин, како и јакнење на свеста за припадност кон државата како мултикултурно општество.

- **Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми**

Училиштето во периодот од 2021-2023година нема покртенато иницијативи за изменување и дополнување на наставните планови и програми. Исто така не постојат иницијативи од родители и
ученици за измена и дополнување на наставните планови и програми.
Во рамките на редовната настава, со примена на различни методи и техники за реализација на наставните планови и програми од

| | |
|---|---|
| | страна на наставниците, училиштето бележи инклузија на учениците во поглед на давање можности за влијание на квалитетот на наставните планови. |

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** | **Активности** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Модуларни наставни планови и програми** | | |
| **1.3.** | **Вонаставни активности** | | |
| | **ПРЕГЛЕДАНИ ДОКУМЕНТИ:**<br>• Наставни планови и програми од МОН;<br>• Годишна програма за работа и годишн извештај за работењето на училиштето;<br>• Записници; | | |

| | |
|---|---|
| | • Анкети со наставници, ученици и родители |
| | **ТЕМИ:**<br><br>• Обем и разновидност на планираните и реализираните вонннаставни активности;<br>• Опфатеност на учениците со вонннаставните активности;<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата на вонннаставните активности;<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку вон-наставните активности |
| | **АКТИВНОСТИ:**<br><br>• **Обем и разновидност на планираните и реализираните вонннаставни активности**<br>Во училиштето се реализираат бројни активности од различни области преку вклучување во бројни проекти, чија реализација на активности се одвива преку соработка со релевантни општински и државни институции. Учениците биле вклучени во натпревари од областа земјоделските науки.<br>Во училиштето се реализираат следните слободни (вонннаставни) ученички активности: учество на ралични проекти, активни волонтери и учество на проекти организирани од Општинска организација на Црвен Крст - Битола, соработка со МВР, ЗГ, невладин сектор. Училиштето ги мотивира за учество и ги опфаќа сите ученици зависно од нивните интереси и потреби, за време на реализација на едукативни предавања од областа на медицината, еколошки иницијативи, дебатни настани и др.<br><br>• **Опфатност на учениците со вонннаставни активности**<br>Учество на учениците во вонннаставни активности се обезбедува на повеќе начини. Генерално, вонннаставните и слободните ученички активности се менторирани од страна на одговорни наставници. Наставниците по пат на соопштенија за можност од вклучување во тековни/претходно испланирани и одобрени проекти ги информираат сите ученици за потенцијални и претстојни вонннаставни активности, ги мотивираат учениците, со цел тие да препознаат определен интерес кај себе, а наедно ја поттикнуваат и љубопитноста кај учениците, овозможувајќи изнесување на своите и почитување на мислењата и ставовите на другите.<br>• **Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во вонннаставните активности**<br>Во вонннаставните активности се опфатени ученици зависно од нивните афинитети, способности, знаења и умееља и по сопствен избор, и без разлика на полот и етничка припадност. Препораката на наставникот, изјава од родителот и личниот интерес и желба на ученикот се одлучувачки во изборот на вонннаставната активност. Со реализацијата на вонннаставните активности се развива самодовербата на учениците, разни вештини, умееља, способности за тимска работа. Планирењето и организирањето на вонннаставни активности секогаш се во насока на развојот на учениците и стекнување на дополнителни знаења и вештини (животни и професионални).<br><br>• **Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонннаставните активности** |

| | |
|---|---|
| | Фактот дека учениците се вклучуваат во разни проектни активности, организирани и спроведени од страна на училиштето, укажува дека на тој начин учениците имаат можност да се афирмираат и да ги промовираат своите интереси и потенцијали, земајќи предвид дека бројните настани најчесто се објавуваат преку социјалните медиуми, како што се: веб страната на училипштето, Facebook, Instagram и други електронски и печатени медиуми. Истовремено промовирајќи се себеси, учениците се директно инволвирани во промоција на училиштето и ваквите ученички ангажмани се земаат во предвид при оценување на учениците од страна на училиштето. Во училиштето постои проценка на ученички постигнувања и се применува во постапката за избор на првенец на години на ниво на училиште. |

| **Наведете ги и другите методи користени за собирање на податоците** | **Кој беше вклучен во собирањето на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|---|
| Анкета за согледување на мислењата на УЧЕНИЦИТЕ за прашањата од ова подрачје | **Изработка на анкетните прашалници: Марија Филиповска** | За да се согледаат мислењата на учениците за прашањата од ова подрачје, направена е анкета на 20ученици<br><br>70% од учениците се целосно запознати со наставните планови и програми за предметите што ги изучуваат, не се запознаени 10 и 20% се делумно запознаени, што значи дека поголемиот бр. од ученици се запознати со содржините на наставните планови и програми и кој ги изготвува. На почетокот на учебната година учениците се запознаени со наставните содржини по одделни предмети, односно 85% се запознаени со наставните планови и |

| | | |
|---|---|---|
| | **Спроведување на анкетата:**<br><br>**За ученици: Дејан Јаневски – наставник**<br><br>**Обработка / собирање на информациите од анкетните прашалници: Дејан Јанев - наставник** | програми, со содржините и целите на наставната програма уште на самиот почеток на учебната година за секој предмет пооделно, нив ги информирале наставниците. 95,83% од учениците се изјаснале дека наставникот ги запознава со целите и активностите за време на часот. Поголемиот број на ученици (60%) не знаат кој ги изготвува годишните и тематските планирања. Поголемиот број од учениците се задоволни од содржината на наставните планови и програми т.е. 85% се задоволни, делумно се 15%.<br>75% сметаат дека неделниот фонд на часови им ги задоволува потребите за квалитетно реализирање на наставните планови. Учениците делумно односно 75% сметаат дека наставните планови и програми се во корелација со најновите достигнувања во одредени области а делумно се сложуваат 25%.<br>Во наставниот процес целосно можат да ги развијат своите вештини, самодовербата и лидерството 83%, а делумно или не сметаат дека може да ги развијат своите вештини по 17%. 75% од учениците се задоволни од реализацијата на содржините на наставните планови и програм, нема не задоволни ученици а останатите ученици се делумно задоволни. Одлуката за кој изборен предмет ќе го изучуваат 95% од учениците ја донесува врз основа на наставните планови, програми и желби. 100% од учениците се задоволни од планираните и реализираните воннаставни активности и исто така голем процент од учениците (97%) со задоволство учествуваш во реализација на вонаставните активности. Според дел од учениците имаат желба да се организираат вонаставни активности по следниве предмети: стручните предмети кои ги изучуваат, практичната настава, биологија, македонски јазик, историја и спорт и спортски активности, агрометреологија.<br>Испитаниците не наведуваат по кои предмети би сакале да се изврши промена на наставните планови и програми се.<br>45% од испитаниците сметаат дека Техничката опременост на училиштето задоволува, а останатитедека делумно задоволува.<br>65% од анкетираните сметаат дека во наставниот процес се користи доволно ИКТ. Дека постои соработката на релација училиште - родителите сметаат 80%. Преку предавања кои редовно се организираат најгоелмиот дел од учениците сметаат дека се запознаени со болести на зависност, полово преносливи болести, HIV/СИДА и останати теми од областа на менталното здравје.<br><br>• **Поддршка на учениците со посебни образовни потреби** |

| | | |
|---|---|---|
| | | Како посебно подрачје кое е релативно ново и е вистински предизвик за успешна реализација како за психологот така и за наставниците, ќе се издвои работата со ученици со посебни образовни потреби. Според интервјуто со образовните асистенти на учениците со ПОП, потполно се согласуваат дека психологот и наставниците даваат соодветна емотивна и образовна поддршка на учениците со посебни образовни потреби преку работа и приспособени наставни програми. |
| Анкета за согледување на мислењата на РОДИТЕЛИТЕ за прашањата од ова подрачје | **Изработка на анкетните прашалници: Марија Филиповска – Психолог,**<br><br>**Спроведување на анкетата: Владимир Илиевски - наставник**<br><br>**Обработка / собирање на информациите од анкетните прашалници Владимир Илиевски - наставник** | За да се согледаат мислењата на родителите за прашањата од ова подрачје, направена е анкета на 20 родители.<br><br>86% од родителите се запознаети со наставните планови и програми според кои учат нивните деца, за успешна реализација на програмите има доволно часови и најгоелмиот дел 89% сметаат дека е така. 79% од родителите одговориле дека наставните планови и програми се информирани на родителските средби. Поголемиот број на родители (89%) се изјасниле позитивно односно дека знаат дека можат да извршат увид во наставните планови и програми. 87% од родителите се задоволни од содржините на наставните планови и програми и исто така се задоволни (91%) од планираните и реализираните воннаставни активности во кои учествуваат нивните деца. На прашањето дали сметаат дека има квалитетна реализација во наставата 84% одговориле позитивно и исто така 85% од родителите се изјаснаа дека постои голема поврзаност меѓу теоретската и практичната настава што ја изучува учениците.<br>Постапката за избор на наставни предмети се применува според предвидената пракса односно (88%) одговориле дека на нивното дете од страна на училиштето му е доставен анкетен лист во кој ќе се одлучи за тоа кој изборен предмет ќе го изучува следната учебна година. Дека се планира и реализира дополнителна и додатна настава и истата им го олеснуваат учењето на чениците се изјасниле со 40% од родителите. 71% од анкетираните родители сметаат дека техничката опременост на училиштето во изминатиот период се надополнуваше и модернизираше и ги задоволува критериумите за он лајн и редовна настава. Истите посакуваат во училиштето да има лабараторија и нагледни сретства, алати и прибор за практичната настава.<br>Родители во најголем процент сметаат дека во наставниот процес се користи доволно ИКТ (информатичка технологија). |

| | | |
|---|---|---|
| | | 100% од испитаните родители сметате дека постои соработка на релација училиште – родител.<br>Родителите сакаат за нивните деца да се организираат повеќе вонншаставни активности по следниве предмети: по стручните предмети, Земјоделство, рибарство ветеринарство, Хигиена и безбедност на храна, Педологија и агрохемија, Земјоделска механизација, Лозарство и овоштарство, Екологија, Спорт и спортски активности, Биологија а најповеќе сакаат да се организираат најповеќе сакаат да им се организираат воннаставни активности по практична настава.<br><br>• **Поддршка на учениците со посебни образовни потреби**<br>Повторно како посебно подрачје би се издвоило поддршката на учениците со ПОП и како што се напомна претходно е вистински предизвик за успешна реализација. Според интервјуто со родителите на учениците со ПОП, се согласуваат дека психологот и наставниците даваат соодветна емотивна и образовна поддршка на учениците со посебни образовни потреби преку работа и приспособени наставни програми и вклучување на учениците во воннаставните активности. |
| Анкета за согледување на мислењата на НАСТАВНИЦИТЕ за прашањата од ова подрачје | **Изработка на анкетните прашалници: Марија Филиповска – Психолог**<br><br>**Спроведување на анкетата: Марија Филиповска – Психолог**<br><br>**Обработка / собирање на информациите од анкетните прашалници:** | За согледување на мислењата на наставниците за прашањата од ова подрачје, на анкета одговорија 15 наставници.<br>**ПОЛ:** 73% Машки / 27% Женски<br>**ВОЗРАСТ:** 20% се на возраст од 25-35год.<br>27% се на возраст од 36-45год.<br>13% се на возраст од 46-55год.<br>40% се над56год..<br><br>91,67% од наставниците сметаат дека во целост се реализираат НПП по нивните предмети, останатите сметаат дека во многу мал незначителен % не се реализирацелосно од објективни причини.<br>87% од наставниците се изјасниле дека во наставните планови и програми е вклучено стекнувањето на сите потребни компетенции односно знаења, вештини, ставови и вредности со кои треба да се запознаат учениците по нивниот предмет. Дека наставниците немаат можност да влијаат во креирањето на НПП покажува нивното мислење, односно 13% од нив одовориле со делумно а 67% одговориле дека ја немаат можност а само 13% |

| | | |
|---|---|---|
| | **Марија Филиповска - Психолог** | одговориле со ДА. 40% од наставниците се сложиле дека наставните содржини одговараат на индивидуалните потреби на ученикот но висок е % на оние кои сметаат дека тоа е делумно односно 74% и 13% сметаат дека не одговараат. 58,33% од испитаниците сметаат дека НПП делумно се надополнуваат и се осовременуваат, Голем процент од нив одговориле потврдно на тврдењето дека во НПП се јасно дефинирани целите и исходот на ученикот т.е. дури 66,67% од нив одговориле со ДА а 8,33% одговориле со не. 50,00% од наставниците сакаат додатно и континуирано да им се овозможи да се усовршат за примена на НПП.<br>53% сметаат дека постои поставен систем на самоевалвација на примената на НПП а 16% не се сложиле со тој факт, делумно се сложуваат 31%. 46% од наставниците се задоволни со програмата на предметот кој го предаваат, 54% се делумно задоволни, а ниту еден наставник не е незадоволен од програмата за предметот кој го предава.<br>94% од анкетираните наставници се изјаснија дека наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. 47% од наставниците сметаат дека предвидениот фонд часови е доволен за обработка на нови содржини, повторување и утврдување на материјалот.<br>80% од наставниците користат современи наставни форми и методи, а само 40% смета дека техничката опременост на училиштето со наставни средства и помагала задоволува за исполнување на НПП, додека 54% од наставниците делумно се согласуваат по однос на ова прашање. 87% од наставниците се изјасниле дека наставната програма ја прилагодуваат според способноста на учениците преку соодветен избор на наставни форми и методи и употреба на дидактички помагала како и изработуваат ИОП за учениците со ПОП. 94%од анкетираните наставници потврдија дека планираат и реализираат дополнителна и додатна настава. 94% се изјасниле дека во наставните програми и наставниот процес се почитува половата и етничката рамноправност.<br>Во организацијата и реализацијата на воннаставни активности најголем придонес имаат наставниците, а при планирањето и организирањето на активностите за реализација на слободните активности се почитуваат мислењата на учениците. 87% од анкетираните наставници се изјасниле дека училиштето планира и организира активности за афирмација на наставните и |

| | | |
|---|---|---|
| | | вонннаставните активности, 13% сметаат дека тоа е делумно. Голем дел од анкетираните наставници, 87% се изјаснија дека се организираат активности преку кои учениците се запознаваат со болести на зависност,полово преносливи активности, HIV/СИДА, репродуктивно здравје.<br>54% од наставниците сметаат дека родителите и учениците имаат информации за наставните програми кои се реализираат во училиштето. 86% од наставниците сметаат дека учениците и родителите немаат влијание во креирањето на насатвните програми и планови.<br>Техничката опременост, опременоста со наставни средства и помагала, како и опременоста со стручна литература и ако во изминатиот период се подобруваше но сепак се уште делумно задоволува. Наставниците посакуваат наставните планови и програми да ги реализираат во поопремени кабинети и да се изготват учебници по тие предмети каде што недостигаат.<br>Сите 6 класни раководители истакнаа дека, како класени раководители ги информираат учениците и родителите за наставниот план на почетокот на учебната година и тоа е на првата родителска срдба односно првиот класен час.<br><br>• **Поддршка на учениците со посебни образовни потреби**<br>И во делот на согледување на мислењето на наставниците, повторно како посебно подрачје би се издвоило поддршката на учениците со ПОП. Според наставниците се изработуваат ИОП за учениците со ПОП, но сепак сите наставници потенцираа дека немаат соодветна обука во делот на инклузија на ученици со ПОП и сите наведо дека имаат потреба да се усовршат во делот за подготовка на ИОП и работа за време на наставата за деца со ПОП. |

| **Резултати:  Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и  слабости** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>• Училиштето им ги нуди сите можности на учениците за избор на изборни предмети кои соодветствуваат на личните потреби и интереси на учениците и спецификите на струката. Учениците имаат можност да избираат два изборни предмети.<br>• Обемност во реализацијата на квалитетни и опфатни воннаставни активности кои соодветствуваат на интересите и потребите на учениците и можност за афирмирање на учениците и поттикнување на самодовербата.<br>• Во училиштето има стручни и мотивирани наставници, а постојат и успешно се реализираат разновидни наставни, воннаставни и слободни ученички активности, во соработка со родителите и локалната средина. Индикатор за квалитет е учеството на натпревари, |

постигнатите резултати, имплементирани проекти и бројни проектни иницијативи.

- Наставниците се добро обучени за примена на современи наставни форми и методи, за ИКТ во наставата, настава од далечина преку платформата на Microsoft Teams (за која претходеја и обуки) и секогаш се спремни за понатамошно усовршување.
- Техничката опременост на училиштето во изминатиот период се подобруваше и истата резултираше со поставување на нови компјутери и телевизори во сите училници, се со цел успешна реализација на наставата.
- Свеста дека нагледните средства се важна компонента за квалитетна реализација на наставните планови и програми и во изминатите 2 години континуирано се вложуваше на тоа поле.
  - Набавена и поставена функционална метоа станица
  - Подигање на еко градина за ароматични растенија
  - Започнато е подигање на нови лозови и овошни насади
  - Започнато е подигање на зеленчукова градина и пластеник
  - По иницијатива на неколку наставници, во ходниците се поставија 4 нагледни витрини опремени со наставен матријал за полесно препознавање и воспириемање на целите корпорирани во наставните планови и програми.
- Воннаставните активности се реализираат со успех и силно е изразена свеста за придобивките од нив и се реализира подеднакво за сите и не зависи од половата или етничката припадност.
- Наставните содржини на начинот на кој се пренесени кај учениците одговараат на индивидуалните потреби на ученикот и во нив е вклучено стекнувањето на сите потребни компетенции –знаења, вештини, ставови и вредности.
- Третманот на учениците и нивната вклученост во наставни и воннаставни активности е подеднаков за сите и не зависи од половата или етничката припадност.

**Слабости**

- Малиот број на ученици кои се запишуваат на еден од понудените смерови според програмите за: Техничар за ветеринарна медицина, Техничар за фитомедицина, Агротехничар, Техничар за агроменаџмент и Агротехничар за традиционално и органско производство.
- Техничката опременост (телевизори и компјутери) на училиштето во изминатиот период се подобруваше но сеуште постои простор за подобрување и осовременување.
- Отварање на нови опремени предметни кабинети.
- При информирање за наставните планови и програми учениците и родителите не обрнуваат посебно внимание и сеуште не ја свајќаат сериозноста на истите и немаат идеја како тие можат да придонесат за подобрување и усовршување.
- Низок е степенот на информираност на учениците и родителите за целокупниот воспитно-образовниот процес.
- Учениците немаат мотивираност и интерес за подетално да се запознати со содржините на наставните планови и програми за предметите кои ги изучуваат.

**Анализа на резултатите:** *Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*

**Организација на наставните планови и програми:**

Во училиштето сите наставници навремено израбоуваат наставните планови и програми и постои усогласеност во однос на неопходните компоненти кои треба да ги содржат планирањата за целосно да се реализираат истите кои се предвидени и одобрени од МОН. Со ваквото планирање на наставните планови и програми се остварува ефективно влијание на самата реализација на часовите, а со цел поефективна операционализација на наставните планови и програми и постигнувањето на подобри целите од наставата.

Од анализата на информациите добиени од анкетните прашалници може да се заклучи дека сите (наставниците, родителите и учениците) можат да влијаат врз начинот на реализација на наставните планови и програми. Можноста да учествуваат во креирањето на наставните планови и програми ја реализираат преку: разговори на состаноците на активите, разговори на родителски состаноци, разговори со предметните професори, со класните раководители, на состаноци на Советот на родителите и Училишниот одбор. Наставните планови и програми училиштето ги прилагодува по потреба и во зависност од способнотите на учениците. Оваа 2021/2022 учебна година во Iгодина се запиша ученик со ПОП и за истиеот се применува ИОП, исто така се посветува соодветно внимание на карактерот на училиштето, на локалната средина, на составот на учениците и на образовните профили. Наставните планови и програми им се достапни на сите, но недостига поголемо сознание од страна на учениците и родителите дека постои можност за увид во нив. Со наставните планови и програми учениците се запознаваат на часовите по соодветните предмети, преку класниот раководител, а родителите оваа можност ја остваруваат преку родителски состаноци, во разговор со наставниците, преку Советот на родители, разговор со директорот и стручните соработници во училиштето. Учениците самостојно или во договор со родителот се определуваат за полагање на државна матура/завршен испит. Учениците самостојно одлучуваат за изборот на задолжителните изборни предмети, а учениците кои сметаат дека ќе го продолжат своето образование се консултираат и прифаќат сугестии од наставниците.

**Квалитет на наставните планови и програми**:

За подобрување на квалитетот на наставата и професионалниот развој на наставниците, училиштето настојува сите наставници да бидат вклучени во различни проектни активности, трибини, акции и сл. Резултатите од анкетните прашалници покажуваат дека училиштето треба да прави напори за да го подобри квалитетот на наставните планови и програми, да посвети внимание на реализација на практичната настава и особено да се ангажира околку надминување на фронталната работа со учениците и подигнување на степенот на користење техники за критичко размислување и коперативно учење. Во училиштето се посветува соодветно внимание на здравјето на учениците преку едукативни предавања, презентации, симулациони вежби за заштита при елементарни непогоди и сл.

**Воннаставни активности**:

Со Годишната програма во училиштето се предвидени воннаставни активности. Преку учеството во овие секции учениците ги прошируваат своите знаења, ги развиваат комуникативните вештини, креативноста, самодовербата, лидерството, се социјализираат,

се оттргнуваат од пороците, се дружат и сл. Исто така кај нив се развива и натпреварувачкиот дух. Интересот за вонаставни активности е голем. Во изминатиов период можеме да се пофалиме со освоени места на државниот натпревар во областа на земјоделието, учество на два ЕРАЗМУС + преоекти во Турција, Италија и Франција и учество на многу локални проекти и активности како трибини, обуки, хуманитарни настани и сл.

**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот за развој на училиштето:**

1. Посоодветна промоција на една од шесте програмите кои ги нуди за изучување училиштето СОЗУ „Кузман Шапкарев“ – Битола.
2. Да се подигне квалитетот на начинот на реализација(помодерен пристап и поприфатлив за учениците) на наставните планови и програми: користење на техники и стратегии кои ќе бидат фокусирани на ученикот и ќе го подигнат нивото на воспитно-образовниот процес.
3. Мислењето на наставниците, родителите и учениците да биде ориентир за идните активности на училиштето.
4. Да се интензивира соработката со родителите во сите сфери од воспитно-образовниот процес.
5. Да се подигне квалитетот на начинот на реализација на практичнаниот дел од наставата.

Тим за **ПОДРАЧЈЕ 1: Наставни планови и програми**

- Марија Филиповска - претседател
- Владимир Илиевски - член
- Дејан Јаневски - член

**Самоевалуација на училиштето: СОЗУ”Кузман Шапкарев”- Битола** **Подрачје: Постигнувања на учениците**

***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***

***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***

***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***

***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.***

**Оддели во рамките на подрачјето:**

- **Постигнувања на учениците**
- **Задржување/осипување на учениците**
- **Повторување на учениците**

| **Собирање на податоци** **(Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **Извештаи од Педагошко - Психолошка служба** | Во учебнатите 2020/2021, 2021/2022 и 2022/2023 се спроведени бројни активности со цел да се пратат и подобруваат постигнувањата на учениците. Спроведени се анкети, консултации со наставници, консултации со учениците и родителите, а во наставата се применуваа нови методи и стратегии се со цел да се подобрат постигнувањата кај учениците.<br>**Напомена: според препораките на МОН и Министерството за здравство во учебната 2020/2021 од декември па до крајот на учебната година, заради пандемијата со Ковид вирусот, наставата се реализираше по посебен режим- преку интернет, преку платформата Микрософт-тимс**.<br>Приоритетна задача на нашето училиште е градење на здрава училишна средина при што главен акцент е ставен на воспитно-образовниот процес и вонаставните активности. |
| **Дневник за работа** | На почетокот на секоја учебна година приоритетот на раководниот тим е да се работи на развивање стратегија на поголеми постигања на учениците.<br><br>Тоа го постигаме на следниот начин:<br>- Континуирана обука и едукација на наставниот кадар преку проекти и семинари.<br>- Квалитетни планирања во кои посебно место се дава на планирани активности на ученикот како рамноправен партнер во наставниот процес. |
| **Извештаи за работата во учебните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021** | - Стремење кон модернизација на нагледните средства и воведување на најнови истражувачки постапки.<br>-Воннаставни активности- се организира преку дополнителни и додатни, слободни активности, проектни активности.<br>- Соработка со МОН, ЦСОО и локалната самоуправа.<br><br>шематски приказ на успехот по години и струка во Табела 1. |

**Табела 1**

**Споредбена анализа на успехот на учениците во учебната 2020/2021, 2021/2022 и 2022/23**

**Струка/сектор: земјоделско-ветеринарна/земјоделство, рибарство и ветеринарство**

**настава на: македонски наставен јазик**

| Учебна година | **Вкупно Запишани** | **Женски** | **Постигнат успех** | | | | **Вкупно** | **Со слаби оценки** | | | **Не оценети** | **Средна оценка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Одлич.** | **мн. добар** | **Добар** | **Доволен** | | **Со-1 слаба** | **Со 2 слаби** | **Со 3 и повеќе** | | |
| **Учебна 2020/21** | 38 | 8 | 11<br>28,94% | 8<br>21,05% | 12<br>31,57% | 4<br>10,52% | 35<br>92,11% | 1<br>2,63% | / | 2<br>5,26% | / | 3,51 |
| **Учебна 2021/22** | 32 | 6 | 6<br>21,88% | 7<br>21,88% | 13<br>40,63% | 4<br>12,50% | 30<br>93,75% | / | / | / | 2<br>6,25% | 3,45 |
| **Учебна 2022/23** | 34 | 4 | 6<br>17,65% | 6<br>17,65% | 7<br>20,59% | 5<br>14,71% | 24<br>70,59% | / | 3<br>8,82% | / | 7<br>20,59% | 3,19 |

**Самоевалуација на училиштето: СОЗУ”Кузман Шапкарев”- Битола          Подрачје:  Постигнувања на учениците**

| Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество:  Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |

| | | |
|---|---|---|
| **Анкета од : ученици родители и наставници** | Наставници од тимот:<br>Христовска Нада<br>Трајковска Славица<br>Каранфиловски Зоран | **АНКЕТА ЗА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ**<br><br>Анкетирани се три групи испитаници<br>Ученици-вкупно 22 од различни возрасти.<br>Родители- вкупно 15 на возраст од 30-40 год.и 40-50год.<br>Наставници - вкупно 18 на возраст од 30-40, над 40год и над 50 год.<br>Во сите испитни групи опфатени се испитаници од двата пола. Процентот на застпеност по однос на половата еднаквост и возраста изнесува 50% мажи и 50% жени кај родителите и наставниците, додека пак кај учениците процентот на машките испитаници е поголем во однос на женските испитаници со оглед на специфичноста на профилите што се застапени во училиштето. Анкетирани се ученици од сите образовни профили/квалификации што се застапени во училиштето .<br>Во анкетата беа понудени девет прашања за постигнувањата на ученицте.<br>Понудени одговори: **ДА, НЕ, МОЖЕБИ И ПОНЕКОГАШ.**<br><br>1. Примената на разновидните методи за учениците од е од огромна важност за подобрување на успехот и со ДА одговориле 95% од родителите, додека пак кај учениците на истото прашање со ДА се изјаснија 90%.<br>Наставниците по истото прашање се изјаснија со 100% - ДА, потенцирајќи ја важноста на примената на разновидните наставни методи.<br><br>2. Учениците мислат дека редовноста многу влијае врз успехот и тоа: оние од 15-16 годинишна возраст со ДА се изјаснија 98%, а кај 18 годишниците процентот е зголемен и со ДА се изјаснија 100%.<br>Родтелите како и наставниците мажи и жени 100% се изјаснија со ДА и сметаат дека редовноста е многу битен фактор за постигањата на учениците.<br><br>3. Запрашани дали личноста на наставникот влијае врз успехот на учениците, учениците од сите возрасни категории се со изедначен одговор и сметаат дека има влијае, во огромен процент(63%), останатите одговори се поделени помеѓу одговорите не и понекогаш.<br>Родителите и наставниците по однос на ова прашање имаат еднаков став и 75% се изјаснија со ДА.<br><br>4. Запрашани дали претходните знаења влијаат врз нивниот успех учениците се изјасниле со 78% дека има влијание но другите се на мислење дека нема влијание, за разлика од родителите кои се изјасниле со 100% со ДА , има влијание и наставниците кои се со исто мислење дела претходните знаења |

| | | |
|---|---|---|
| **Анкета од :**<br><br>**ученици родители и наставници** | | имаат огромно влијание врз успехот на учениците (80%).<br><br>5. На прашањето дали социјално-економската средина игра улога врз постигнувањата на учениците, испитаните ученици до петнаесет годишна возраст 45% одговорија со Да, останатите се за опцијата дека не влијае 27 % и преостанатите 28% се со одговор понекогаш. Родителите по истото прашање сметаат дека социјално-економската средина има огромно влијае врз постигањата, па така тие се со во висок процент во оваа група (Да- 100%) Наставниците се на мислење дека социо-економската средина влијае врз успехот(40%), но не е пресуден фактор за постигањата на учениците(можеби-30% и понекогаш 30%).<br><br>6. За важноста на контактите наставник- ученик и родител- наставник, учениците се изјаснија дека имаат важност во 72% ,со не се изјаснија 18%. Родителите и наставниците имаат подеднаков став и мислат дека овие контакти се од особена важност зауспехот на учениците (100% со одговор ДА).<br><br>7. Во однос на мислењето за навременото спроведување на педагошките мерки, учениците сметаат дека во 45 % случаеви навремено спроведените педагошки мерки имаат влијание врз успехот кај нив, додека 31% се на мислење дека можеби има влијание а 24% мислат дека не влијаат!. Возрасните , родители и наставници се поделени но мислат дека има влијание (наставници 85%, родители 100%).<br>8. Запрашани дали практичната настава делува врз подобрувањето на успехот на учениците,учениците од сите возрасни групи сметаат дека практичната настава има влијание (87%), а остантите се на мислење дека можеби кај некои влијае во подобрувањето на успехот.<br>Родителите 100 % се изјаснија со ДА по истото прашање, додека пак наставниците 80% се изјаснија со ДА, додека со можеби 20%.<br><br>9. Запрашани како трите групи испитаници би го подобриле успехот , учениците ги дадоа следните предлози: обезбедување на учебници по предметите за кои суште не се издадени (модуларна настава), повеќе пракса, со редовна домашна контрола, со почести разговори со наставаниците во врска со успехот и дисциплината, со редовно посетување на часовите, со добро однесување, со повеќе учење, редовно пратење на предавањата, поголема редовност. Некои од учениците мислат дека веќе имаат добар успех но имаше и такви кои мислат дека со подобар интернет можат да постигнат подобар успех! Голем дел од ученицте дадоа свои предлози по однос на ова прашање. |

| | | |
|---|---|---|
| | | - родителите беа многу конструктивни во своите предлози и ги наведоа следните прдлози: повеќе учење од страна на учениците, повеќе часови практична настава, редовна посета на наставата, повеќе комуникација наставник-ученик, групни и интерактивни задолженија, индивидуални задачи во согласност со способностите и интересот на ученикот, примена на повеќе наставни средства и помагала, со растеретување на наставната програма, со редовна контрола на родителите врз своите деца, со добро домашно воспитание и со подигнување на критериумите на оценување!<br><br>- наставниците ги дадоа следните предлози: поголема мотивираност и објективно оценување (кај учениците), поголем ангажман и на наставниците во основното образование со цел да се стекнат учениците со поголеми предзнаења, поголема ангажираност на учениците, зголемена редовност на настава, системски промени кои доследно ќе се применуваат, запишување на ученици со подобар успех, кога и во општеството би се ценеле и вреднувале вредностите како што е квалитет и успешност кај кадрите, учебници кои ги нема под хитно да се обезбедат во новото модуларно образование, обезбедување кабинетска настава и примена на современи нагледни средства, со промена на односот на општеството кон образованието – квалитет а не квантитет. |

| **Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Извештаи од класни совети од педагошко-психолошката служба** | **- Филиповска Марија<br>- Христовска Нада<br>-Каранфиловски Зоран** | Анализирани се индивидуални дневници на наставници, разработени различни критериуми на оценување и постигнувања на учениците во редовната настава во учебните 2020/21, 2021/22 и 2022/23 год. |
| **Метод на набљудување** | **-Христовска Нада<br>-Трајковска Славица<br>-Каранфиловски Зоран** | Направена е компарација на различни методи и техники во редовната настава и во наставата кај паралелките преку присуство на отворен час. |
| **Метод на разговор** | **-Христовска Нада<br>- Каранфиловски Зоран** | Од разговорот констатирано е дека се применуваат тестови со различни тежински нивоа наменети за што е можно пореално оценување на учениците соодветно изработени со предвидените наставни планови и содржини. |
| **Информации од изработени Портфолија** | **Сите наставници** | Сите наставници имаат изработено индивидуални портфолија од кои може да се согледаат постигнувањата на учениците и со тоа да се прилагодува резлизацијата на наставната програма. |
| **Прегледани извештаи од тековна година** | **-Христовска Нада<br>- Трајковска Славица<br>- Каранфиловски Зоран** | Прегледани и анализирани се дневните подготовки и педагошката евиденција на наставниците. |
| **Записи од наставнички совети** | **- Филиповска Марија** | Педагошко – психолошката служба од добиените известувања на наставниците подготвуваат извештаи, ги информираат и вршат споредба со претходната учебна година за постигнувањата на учениците. |
| **Прегледани покани испратени до родители** | **Правно-педагошка служба<br>-Кицевска Андријана,<br>-Филиповска Марија** | Во текот на целата учебна година се испраќаат покани до семејствата на учениците со цел да се информираме која е причината за нивното непосетување на наставата. |

**Самоевалуација на училиштето: СОЗУ”Кузман Шапкарев”- Битола Подрачје: Постигнувања на учениците**

**Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- Разработен акционен план во усовршување на развојната програма на училиштето.
- Училиштето соработува и е отворено за сите заинтересирани: родители, членови на Локална самоуправа, медиуми, НВО.
- Организатор на училишни натпревари ( спортски натпревари на локално ниво, тракторски натпревари на регионално и државно ниво).
- Организира литературни читања со натпреварувачки карактер.
- Постигнува одлични резултати на натпревари по, Прва помош, Македонски, Сообраќајна култура, Државни натпревари на земјоделските училишта (Аранжирање на цвеќе, Органско земјоделско производство, Препознавање на семиња и плевели) ( соработува со Советот за безбедност и МВР за едукација на учениците за сообраќајната култура).
- Училиштето презема низа чекори во намалување на осипаноста на учениците преку организирање на групни и индивидуални средби со родителите, посетување на нивните домови. Организира хуманитарни акции - помага во снабдување со облека, храна и учебници.
- Учениците подготвуваат цветни аранжмани со цел да се презентираат нивните креативности и талент, а учествуваат и на многу литературни конкурси и читања со свои лични творби.
-Учество во проекти, изработка на Еко-градина за зачински и лековити растенија.
- Училиштето е домакин на промоции на проекти за борба против наркоманијата, пушењето и други обуки и едукации.
- Тимска работа на сите наставници во проекти и исклучително тимска работа на учениците во изработка на проекти, како дел од наставниот процес.
- Своите постигнувања учениците ги презентираат и во просториите во училиштето, како свои трудови, манифестации, драматизации, натпревари.
- Можност да се аплицира со проекти од програмата Еразмус + во Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност, со единствена цел: размена на искуства и стекнување на европско искуство во рамките на образованието во земјоделието.
- Учениците работат во современи услови.
- Училниците се дополнително опремени со современи компјутери, ТВ екрани и бели табли за подобра нагледност при наставата

**Слабости**

- Најголем проблем претставува малиот број на запишани ученици во континуитет.
- Постојат ученици кои "повремено" ја посетуваат редовната настава и истите претставуваат проблем при оценувањето.
- Традиционален менталитет на одбивност кон земјоделското образование.
- Препуштеност на самите себе, недоволна згриженост од страна на семејството.
- Недостаток на национални критериуми за развој на земјоделието во регионот но и пошироко во државата.
- Учениците меѓусебно не се почитуват доволно поради различното социјално потекло.
- Постигнувањата на учениците се регистрираат само писмено или се наградуваат со оскудни награди кои не претставуваат никаква понатамошна мотивација за работа.
- Учениците немаат изградено здрави навики за психички и физички напредок поради недоволното семејно воспитание како одржување на хигиена во училниците и околината, што негативно се одразува врз нивниот воспитно-образовен напредок.
- Оддалеченост од урбана населба и проблем со превоз.
- Недостиг на нагледни сретства  за теоретска и практична настава.
- Недостиг на учебници по стручни и некои општо образовни предмети.

**Анализа на резултатите:**
***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

По прегледот на анкетните прашалници прозлегува дека постигнувањата на учениците се резултат на повеќе комплексни фактори како што се обемните наставни содржини, недостатокот од методи на наградување што повеќе би ги мотивирале учениците и би довеле кон подобрување на нивниот успех. Воспоставени се добри комуникации помеѓу родителите и наставниците но истите треба постојано да се одржуваат со цел да се прати редовноста на учениците и нивното следење на наставата. Навременото спроведување на педагошките мерки е исто така ефективна мерка со чија помош би се подобриле постигнувањата на учениците, а социо-економскиот фактор не е од особена важност.Посебно е истакнато тоа дека учениците кои се запишуваат доаѓаат со слаби познавања стекнати (или нестекнати) од нивното основно образование. Исто така потенцирана е и констатацијата дека постои нереално оценување што значи треба да се поработи на истото!

Од страна на учениците се препорачува да се обрати поголемо внимание од родителите, наставниците и со подобрување на редовноста, намалување на наставниот материјал, примена на современи наставни средства (кабинетска настава), според нивно мислење ќе се подобрат и нивните резултати.

Мислењето на родителите и наставниците е многу слично на претходно изнесеното од страна на учениците со дополнување дека тие ја потенцираат редовноста како битен фактор кој придонесува кон подобрување на успехот и постигнувањата на учениците.

Заедничко е и мислењето дека со подобрување на условите на практичната настава се подобруваат постигнувањата кои потоа ќе се применуваат во соодветните производстени капацитети што е од поширок интерес на заедницата.

**<u>Идни активности</u>:** Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

1. Изработување на акционен план за зголемување на учениците во наредната учебна година.
2. Унапредување и интензивирање на формите на соработка со родителите.
3. Понатамошна соработка со локалната самоуправа во понатамошни постигнувања на позитивни резултати.
4. Интензивирање на соработката со медиумите.
5. Изнаоѓање на решение за посоодветен простор за изведување на теоретска- кабинетска настава.
6. Почитување на сите етнички култури во училиштето, преку организирање на културни манифестации, изложби и спортски натпревари.
7. Усовршување и професионален развој на наставниците како и соодветна мотивација за тоа.
8. Обезбедување на современи напредни нагледни средства.
9. Решавање на проблемот со подот во училниците, формирање и опремување на повеќе кабинети за поуспешна настава.

**ПОДРАЧЈЕ 3: УЧЕЊЕ и НАСТАВА**

| БР. | ОДДЕЛИ ВО РАМКИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО | ИНДИКАТОРИ НА КВАЛИТЕТ |
|---|---|---|
| **1.1.** | *Планирање на наставниците* | • За реализација на наставните планови и програми наставниците подготвуваат : годишен глобален план, тематски планирања, оперативни планови за час, програми за дополнителна и додатна настава.<br>• Планирањата на наставниците содржат јасни цели на учењето, активности на часовите, интерактивни форми и методи, очекувани резултати од учењето, избор на задачи во текот на часот како и задачи за домашна работа, проверка на постигањата на учениците, констатации / евалуација на реализиран час.<br>• Ннаставниците во своите планирања наведуваат кои наставни содржини ќе ги реализираат со примена на ИКТ во наставата.<br>• Искуства и информации при планирањето наставниците разменуваат на ниво на стручниот актив, колеги од други училишта и советници од БРО. |
| **1.2.** | *Наставен процес* | • Наставниците применуваат повеќе наставни форми и методи за реализација на наставата, индивидуална и групна работа, метод на истражување, power point презентации, изработка на визуелни помагала и изработка на проекти.<br>• Повеќето од наставниците применуваат ИКТ во наставата.<br>• Наставниците применуваат наставни форми и методи за развивање на индивидуалните вештини на секој ученик.<br>• Дел од наставниците користат различни ресурси и приоди за реализација на наставата и тоа одобрени учебници, стручна литература, интернет (web страната на БРО и други web страни поврзани со образованието), цртежи, слики, нагледни средства, материјал и алати за практична настава.<br>• Наставниците подеднакво се однесуваат кон учениците и не прават разлика помеѓу учениците според нивниот пол, социјално потекло, етничката и религиската припадност и забрануваат дискриминација помеѓу учениците за време на наставата и одморите.<br><br>• Годишните планирања на наставата и тематските подготовки се доставуваат во училиштето на почетокот на годината, а дневните подготовки |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците си ги подготвуваат и чуваат кај себе во своето досие.<br>• Посета на часови (секој наставник е посетен најмалку два пати во годината од стручната служба). Текот на часот се бележи во евидентен лист за следење на наставен час. |
| **1.3.** | *Искуства на учениците од учењето* | • Мал дел од учениците се охрабруваат самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во учењето и наставата преку: работа во групи и парови. За време на наставата се обрнува внимание на активирање на пасивни ученици.<br>• Се организира додатна настава за ученици кои учествуваат на натпревари;<br>• Се организирање дополнителна настава за ученици со пониски постигнувања и мотивирање на истите.<br>• Учениците се охрабруваат да се вклучуваат во училишните и воннаставните активности.<br>• Соработката меѓу учениците и наставниците покрај редовната настава се реализира и преку учество во проекти, хуманитарни акции и сл. |
| **1.4.** | *Задоволување на потребите на учениците* | • Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности како што се: реализација на целите предвидени во наставните програми преку начин на кој учениците полесно и поуспешно ќе го совладуваат материјалот, (идентификување на потешкотии, проценка на стилови на учење на учениците, идентификување на посебен интерес за материјалот кој се изучува и сл.).<br>• Наставниците ги почитуваат различните потреби на учениците во наставата преку **:** реализација на дополнителна настава, толерантен однос кон ученици со потешкотии во комуникацијата, додатна настава за ученици кои учествуваат на натпревари. |
| **1.5.** | *Оценување како дел од наставата* | • Се користат различни форми и методи за оценување на постигањата на учениците согласно законските прописи.<br>• Оценувањето е континуирано, јавно и оценката е образложена на секој ученик и како ученикот да го подобри својот успех. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Учениците се оценуваат преку усни одговори, стандардизирани тестови и писмени работи (со повеќе тежински нивоа), домашни работи, изработка на проекти и активност и ангажираност во текот на часот. |
| **1.6.** | *Известување за напредокот на учениците* | • Известување на родителите за напредокот на учениците се врши преку редовни и вонредни родителски средби, советување на родител како групни или индивидуални, консултации со наставницитеи евидентни листови.<br>• Родителите имаат пристап до Е – дневник и комуникација со педагошко – психолошката служба преку која добиваа информации за успехот на учениците. |

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани, Кои методи се користени)**<br>**И Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| -годишни, тематски | **3.1. Планирања на наставниците** |

| | |
|---|---|
| планирања/тематски планирања и оперативен план за наставен час;<br>-планирања за додатна, дополнителна настава, воннаставни активности, слободни часови/ проектни активности;<br>-евидентни листови<br>-распореди за реализација на наставни и воннаставни активности; | • Поддршка и следење на планирањата на нстaвниците<br><br>Во училиштето им се дава соодветна поддршка и се следи планирањето на наставата и планирањата на наставниците од страна на директорот ипсихологот.<br>• Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите во планирањата на наставниците.<br>• Инклузивните тимови обезбедуваат поддршка за изработка на ИОП.<br>• соработка со педагошко - психолошката служба<br>- посета на часови од страна на психолог<br>- учество на наставниците на вебинари, работилници, обуки, семинари<br>- компјутери и останата ИТ опрема потребна за реализација на наставни и воннаставни активности<br>- фонд на книги и стручна литература од училишната библиотека<br><br>• **Индивидуалните планирања што наставниците** ги изработуваат за реализација на наставните планови и програми се: годишен глобален план, тематско планирање и оперативен план за наставен час, план за додатна и дополнителна настава, план за проектни активности и ИОП.<br><br>Во училиштето сите наставници изготвуваат годишни и тематски планирања според работниот календар, кои на почетокот од секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба. Во планирањата јасно се определени составните елементи: планирани цели, очекувани исходи, методи, техники на работа како и временска рамка за реализација на истите. Планирањата се следат од педагошко-психолошката служба на почетокот на учебната година и во текот на годината при посетите на часови на наставниците.<br><br>• **Размената на искуства и идеи помеѓу наставниците** во врска со планирањето на часовите се остварува преку:<br>- состаноци во рамките на активот<br>- секојдневни неформални разговори и дискусии во колективот<br>- разговор со колеги од истородни предмети од други училишта<br>- применување на советите и укажувањата на стручната служба, директорот, советниците и инспекторите.<br><br>• **Распоредот на часови** го изработува директорот на училиштето во согласност со наставниот |

| | |
|---|---|
| | план за фондот на часови и календар за организација на учебната година во јавните средни училишта истакнат на страната на МОН.<br>• Психологот изработува **распоред за дополнителна и доддатна настава** и истиот го истакнува на огласна табла за наставниците, огласна табла за учениците и родителите и по електронски пат се доставува до надлежните институции- Државен просветен инспекторат во рок предвиден со законот за средно образование. |
| | **3.2 Наставен процес**<br>• **Наставни форми и методи -** во наставата се применуваат следните форми на настава: настава низ класично предавање (групни и индивидуални форми на работа),учење преку работа кај работодавач и учење преку учество во проекти. Најзастапени форми на учење се: фронтална настава, индивидуална настава, работа во парови и групна работа.<br>Наставниците успешно ги развиваат клучните компетенции за животни вештини (најмногу на класните часови) и на предавања организирани од училишниот психолог.<br>Најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми кои се во согласност со потребите и можностите на ученицитекако и употреба на ИКТ за време на наставата.<br>Најголем број наставници се обучени за употреба на ИКТ во настава. Повеќето од нив ја користат често при реализација на часовите и наставни содржини.<br><br>• **Избор на задачи, активности и ресурси**<br>Наставниците им задаваат на учениците различни задачи и активности кои се прилагодени на индивидуалните образовни потреби и афинитети на учениците и нивното темпо на учење. На учениците им се овозможува да напредуваат според сопствените можности и желби.<br>• **Приодот на наставникот кон учениците**<br>Сите наставници се однесуваат кон учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање. Притоа, не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиската припадност. На часовите и во комуникацијата со учениците и меѓу учениците се стимулира почитување на рзличностите и поттикнување да не се користат полови, етнички, религиски и други стереотипи.<br><br>• **Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br>Наставниците водат грижа да се обезбедат еднакви можности за учениците без оглед на полот, социјалното потекло, националната или религиска припадност. Во училиштето наставниците ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните резултати од учењето.<br>Наставниците користат различни приоди за интеракција со учениците: |

| | |
|---|---|
| | - Отворена дискусија<br>- Поставување на учениците во улога на наставници<br>- Пофалби и позитивни (укажувања а не навреди) критика во соодветни ситуации и настани<br>- Избор на проектни активности. |
| -анкета за учениците<br>-записници од разговорите со ученичката заедница, родителите, наставниците;<br>-увид во ученичките досиеја;<br>-увид во евиденцијата на стручните соработници; | **3.3 Искуства на учениците од учењето**<br>**• Средина за учење**<br>Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина. На учениците им се допаѓа средината за учење во училиштето. Слики, награди и пофалници за постигањето на училиштето и учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училиштето и тие влијаат мотивирачки, а се користат согласно со целите на наставата.<br><br>**• Атмосфера за учење**<br>Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и дека за време на часот голем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно критички и креативно да размислуваат. Наставниците со употреба на повеќе приоди настојуваат да ги мотивират учениците да се вклучат активно во наставата, да поставуваат прашања и да изведувааат заклучоци за она што го учат. За време на наставата, постои атмосфера на меѓусебна почит и соработка меѓу наставникот и учениците и меѓу самите ученици.<br><br>**• Поттикнување на учениците за преземање на одговорност**<br>Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето проблеми и одлучувањето во училиштето.<br>Учениците се поттикнати и охрабрени да размислуваат самостојно, да преземаат лична одговорност преку:<br>- учество при изработка на проекти<br>- учество во класна заедница<br>- учество во еко-активности<br>- соработка со локална средина<br>- учество на натпревари и саеми.<br><br>**• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето**<br>Училиштето, освен воспитно-образовна, има и социјална функција, која успешно ја остварува. Учениците сметаат дека училиштето, низ организирани форми поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето. |

| | |
|---|---|
| - Записници на ученичка заедница<br>- Увид во евиденција на стручна служба<br>- Записници од класни и наставнички совети<br>- Записници од совет на родители<br>- Наставни планови и програми<br>-Годишен извештај за работа на училиштето<br>- Прашалник за изборни предмети<br>- Прашалник за проектни активности | **3.4. Задоволување на потребите на учениците**<br>**• Идентификување на образовните потреби на учениците**<br>Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат општите образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и тековно превземаат обврски за нивно подобрување и надминување. За своите образовни потреби, учениците разговараат со класниот раководител или психологот во училиштето, а наставниците разговараат на наставничкиот совет и на состаноците на активи. Педагошко-психолошката служба низ соработка со учениците, родителите и наставниците обебедува поддршка за учениците во наоѓањето на потребите на учениците и можностите за совладување на наставните содржини и постигнување на целите при учење.<br>Образовните потреби на учениците се идентификуваат и преку можноста тие да изберат:<br>• пакет од изборни предмети<br>• проектни активности<br>• за учениците од IV (завршна година) поддршка во изборот на тема за проектна задача како и избор и одлучување по основ на предмети за државна матура или завршен испит.<br><br>**• Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br>Во самиот процес на подучување и при оценување на учениците, наставниците користат повеќе техники со единствена цел: на учениците да им се даде можност за полесно и поуспешно совладување на наставниот материјал и воедно да се мотивираат да го постигнат својот максимум.<br>Наставниот кадар и стручната служба систематски ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик. Се преземаат активности за исполнување на потребите и отстранување на пречките на секој ученик.<br>Грижата за здрава и чиста животна средина е постојана и хигиената во училишните ходници, канцелариите, училниците, во спортската сала и тоалетите се одржува тековно. |
| - списоци на ученици;<br>- правилник за оценување и напредување на учениците;<br>- евидентни листови<br>- анализа на успехот и постигањата на учениците | **3.5 Оценување**<br>**• Училишна политика за оценување**<br>Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.<br><br>**• Методи и форми на оценување**<br>Постигнувањата на учениците во училиштето се оценуваат со користење на различни форми, методи и техники: писмени работи, усна проверка, тестови и контролни задачи, практични задачи |

| | |
|---|---|
| | и вежби, изработка на проекти, самостојни изработки, континуирано следење на нивните активности за време на часовите, евидентни листови, чек-листи исл.<br>Наставниците ги евидентираат сите активности на учениците и врз база на тие податоци јавно ја формираат оценката на ученикот. Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата. При следењето на напредувањето на ученици со ПОП се следи индивидуалниот образовен план, диференцираните цели, нивното постигнување и оценува ученикот соодветно на постигнувањата.<br><br>• **Користење на информации од оценувањето во наставата**<br>Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и даваат општи и индивидуални совети за подобрување на успехот. Голем акцент се става на вреднување на тековните постигања на учениците и идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето. |
| | **3.6. Известување за напредокот на учениците**<br>Известување за постигнатиот успех и напредок на учениците, родителите добиваат преку:<br>• разговори со класниот раководител<br>• разговори со предметните наставници поединечно<br>• разговори со педагошко-психолошка служба<br>• родителски средби<br>• евидентни листови<br>• Е дневник<br><br>Интересот на родителите за напредокот на нивните деца, училиштето го задоволува преку:<br>• редовно одржување на родителски средби<br>• средби и разговори со класен раководител и предметни наставници<br>• разговори со педагошко-психолошка служба<br>• учество на родителите во советот на родители на училиштето<br>• учество на родителите во Училишниот одбор на училиштето<br>• отворени денови<br>• приемни денови<br><br>На овие средби се разговара за успехот и поведението на учениците, однесувањето на учениците во и надвор од училиштето, за потребата и користа од образованието, избегнување на негативните влијанија и појави во општеството, негување на позитивните карактеристики на |

| | |
|---|---|
| | личноста, формирање на општествено корисни индивидуи.<br>Водењето на Е-дневникот се одвива редовно и одговорно, со постојана контрола од комисијата за проверка на е-дневникот кој доставува извештај и стручната служба. На тој начин родителите најлесно се информирани за оценките и редовноста на своето дете. |

| **Наведете ги и другите методи користени за собирање на податоците** | **Кој беше вклучен во собирањето на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|---|
| Анкета за согледување на мислењата на **УЧЕНИЦИТЕ** за прашањата од ова подрачје | **Изработка на анкетните прашалници: Мимоза Христовска**<br><br>**Спроведување на анкетата:**<br><br>**За ученициМимоза Христовска** | *Ставовите и мислењата на учениците:*<br>**1.** Училиштето има стимулативна и мотивирачка средина за учење?<br>ДА: 50%<br>НЕ:<br>ДЕЛУМНО: 50%<br><br>**2.** Наставниците подеднакво го поттикнуваа интересот за учење кај сите ученици (послаби и пojаки по успех)?<br>ДА: 87%<br>НЕ:<br>ДЕЛУМНО: 13%<br><br>**3.** Наставниците ги охрабруваат учениците за самостојно и критичко размислување, поставување прашања и изведување заклучоци.<br>ДА: 87%<br>НЕ:<br>ДЕЛУМНО: 13%<br><br>**4.** Во училиштето иницира и спроведуваат активности кои ги поттикнуваат |

| | | |
|---|---|---|
| | **Обработка / собирање на информациите од анкетните прашалници: Душанка Соколовска** | учениците на интеркултурна комуникација и почитување на различностите.<br>ДА: 85%<br>НЕ:<br>ДЕЛУМНО: 15%<br><br>**5.** На часовите наставниците користат различни техники и методи на предавање.<br>ДА: 100%<br>НЕ:<br>ДЕЛУМНО:<br>**6.** Кој тип на настава најповеќе ти се допага и одговара за подобро учење?<br>Фронтална: 10%<br>Групна: 7%<br>Работа во парови(тандем): 73%<br>Индивидуална: 10%<br>**7.** Наставниците со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба.<br>Потполно се согласуваат: 90%<br>Делумно се согласуваат: 10%<br>Делумно не се согласуваат:<br>Потполно не се согласуваат:<br>Не се запознаени:<br>**8.** Наставниците континуирано го следат напредок на учениците и користат разновидни методи и форми на оценување.<br>Потполно се согласуваат:<br>Делумно се согласуваат: 90%<br>Делумно не се согласуваат:10%<br>Потполно не се согласуваат:<br>Не се запознаени:<br>**9.** Дали ИКТ во наставата ти помага во учењето и полесно совладување на содржините?<br>Потполно се согласуваат: 100%<br>Делумно се согласуваат:<br>Делумно не се согласуваат:<br>Потполно не се согласуваат:<br>Не се запознаени: |

| | | |
|---|---|---|
| | | **10.** Во училиштето се води грижа за учениците со посебни образовни потреби.<br>Потполно се согласуваат: 100%<br>Делумно се согласуваат:<br>Делумно не се согласуваат:<br>Потполно не се согласуваат:<br>Не се запознаени:<br>**11.** Учениците се доволно вклучени во процесот на донесување одлуки (кога тоа зависи и се однесува на нив) за време на наставата и воннаставните активности<br>Потполно се согласуваат: 34%<br>Делумно се согласуваат: 50%<br>Делумно не се согласуваат: 16%<br>Потполно не се согласуваат:<br>Не се запознаени:<br>**12.** Во училиштето има еднаков третман кон сите ученици во однос на учење и покажување и во однос на оценување.<br>ДА: 84%<br>НЕ:<br>ДЕЛУМНО: 16%<br>**13.** На скала од 1 до 10 (1 најслабо 10 најзадоволен), колку си задоволен од работата и залагањето на наставниците за време на наставата по општообразователните предмети?<br>1: 6: 20%<br>2: 7: 23%<br>3: 8:<br>4: 21% 9:<br>5: 36% 10:<br><br>**14.** На скала од 1 до 10 (1 најслабо 10 најзадоволен), колку си задоволен од работата и залагањето на наставниците за време на наставата по стручните предмети?<br>1: 6:<br>2: 7:<br>3: 8: 20%<br>4: 9: 74% |

| | | |
|---|---|---|
| | | 5: 10: 6%<br>На овие две прашање повеќето од учениците со повисок степен на задоволство ги оценија професорите кои предаваат стручни предмети и кои за време на наставата користат нови интерактивни методи за работа. |
| Анкета за согледување на мислењата на **РОДИТЕЛИТЕ** за прашањата од ова подрачје | **Изработка на анкетните прашалници: Мимоза Христовска**<br><br>**Спроведување на анкетата:**<br><br>**За ученициМимоза Христовска**<br><br>**Обработка / собирање на информациите од анкетните прашалници: Душанка Соколовска** | **Од анкетите доставени до родителите се стекна увид во нивните ставови и мислење по однос на следниве прашања:**<br><br>1. *Како најчесто се информирате за содржините кои ги изучува вашето дете?* - Родителите одговорија дека тоа е најчесто на првата родтелска средба.<br>2. *Интерактивни наставни форми и методи кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење.* – 78% од родителите одговорија дека увиделе дека се коисти интерактивна настава и дека е прилагодена на потребите на ученикот.<br>*3. Реализација на дел од наставните содржини со примена на ИКТ.*<br>- Според одговорите на родителите 86% се сложуваат дека за време на наставата се користи и ИКТ.<br>*4. Примена на интерактивни методи (прашања, дискусии, работа во групи) од страна на наставниците кои поттикнуваат соработка помеѓу учениците.*<br>- Процентот на родители кои сметаат дека за време на наставата се применуваат и интерактивни методи е ист како и користење на ИКТ во наставата (86%)<br>*5. Наставниците ги мотивираат учениците активно да учествуваат за време на наставата и нивниот интересирање се цени и вреднува.* – 98% од родителитее сметаат дека наставниците ги ценат сите активности и интереси на ученикот.<br>*6. Наставниците за време на наставата се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање.*<br>– 86% од родителите сметаат дека наставниците се однесуваат со учениците со взаемно почитување, помош, соработка и разбирање.<br>*7. Какво е Вашето влијание врз Вашето дете за време на учењето?*<br>-Според одговорите на родителите може да се заклучи дека немаат влијание врз нивното дете за време на учењето.<br>8. *Најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.* – Поделено е мисењето на родителите по однос на ова прашање 50% |

| | | |
|---|---|---|
| | | од родителите сметаат дека наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци а останатите 50% сметаат дека целосно образованиот систем не ги учи учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци.<br>9. *Постои голем број на активности во училиштето кои учениците ги смета за интересни и пријатни.* – 100% од родителите сметаат дека училиштето организира активности и проекти кои се интересни за учениците.<br>10. *Наставниците организираат дополнителна и додатна настава во зависност од постигањата и интересите на Вашето дете.* – Само 33% од родителите знаат дека во училиштето наставниците организираат дополнителна и додатна настава.<br>11. Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат напредокот на учениците во учењето.<br>• 39% од родителите се согласуваат дека наставниците користат различни методи и инструменти на оценување,<br>• 46% делумно се согласуваат, а<br>• 15% се изјасниле негативно на ова прашање.<br>12. Во текот на наставниот процес наставниците им даваат повратна информација на учениците за нивната работа, напредок и постигнувања.<br>• 41% од родителите се согласуваат дека во текот на наставниот процес наставниците им даваат повратна информација на учениците за нивната работа,<br>• 46% делумно се согласуваат, а<br>13% одговориле негативно на ова прашање.<br>13. Наставниците се секогаш достапни за разговор со родителот<br>• 83% од родителите се согласуваат дека наставниците се секогаш достапни за разговор во своите приемни денови,<br>• 17% делумно се согласуваат, а<br>14. Класниот раководител редовно ги информира родителите со евидентен лист за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет , вклучувајќи информации и за личниот и социјалниот развој на детето.<br>• 89% од родителите се согласуваат на ова прашање,<br>• 11% делуно се согласуваат.<br><br>15. Родителите редовно го користат електронскиот дневник за да се информираат за успехот и поведението на своето дете. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • 15% од родителите се редовно го користат електронскиот дневник,<br>• 85% се изјасниле дека не го користат<br>Родителите добиваат најобјективни информации за своите деца и истите ги добиваат во текот на учебната година на секое тромесечие преку дирекна комуникација со кл. раководители и психологот како и преку евидентни листови и на крајот од учебната година во форма на свидетелство кое претставува документ со кој се дава една финална оцена за постигањата на учениците за таа тековна учебна година и преку електронскиот дневник. |
| Анкета за согледување на мислењата на **НАСТАВНИЦИТЕ** за прашањата од ова подрачје | **Изработка на анкетните прашалници: Мимоза Христовска**<br><br>**Спроведување на анкетата: Мимоза Христовска**<br><br>**Обработка / собирање на информациите од анкетните прашалници:** | Врз основа на спроведената анкета на 9 мажи и 12 жени или вкупно 21 наставник добиени се следниве резултати:<br>1. **Дополнителна и додатна настава**<br><br>***Дополнителна настава***<br>• 93% од анкетираните наставниците организираат дополнителна настава најмногу за учениците со недоволен успех.<br>• 100% од анкетираните наставниците изготвуваат писмена подготовка за часовите за дополнителна настава,<br>• 79,5% од испитаните наставници сметаат дека часовите за дополнителна настава им помага на учениците во подобрувањето на нивните постигнувања; 7,7% сметаат дека<br>дополнителната наставна не помага за да се подобри квалитетот на знаењата, 5,1% сметаат дека можно е понекогаш да има подобрување, а 7,7% сметаат дека дека отребно е да се има основни познавања од предметот за да има подобрување во наставниот процес кај учениците кои посетуваат часови за дополнителна настава.<br>***Додатна настава***<br>• Наставници организираат додатна настава најмногу во периодот пред одржување на натпревар од областа на земјоделските предмети.<br>• Анкетираните наставници изготвуваат писмена подготовка за часовите за дополнителна настава,<br><br>2. **Наставни форми и методи**<br>• Најкористени наставни форми кои ги набројале испитаните наставници од нашето училиште се следните: фронатална форма, индивидуална форма, работа во групи и работа во парови.<br>• Најкористени наставни методи кои ги набројале испитаните наставници од |

| | | |
|---|---|---|
| | **Душанка Соколовска** | нашето училиште се следниве: метод на усно излагање, метод на пишување, демонстративен метод, структурален метод, текст -метод, метод на разговор, кооперативно учење, метод на самостојна работа.<br>68% од испитаните наставници сметаат дека учењето во училницата е активно, диманично и има работна атмосфера, 30,8% сметаат дека тоа е просечно.<br>• 85% од анкетираните наставници се изјасниле дека применуваат ИКТ во наставата во зависност од наставнните содржини, 15 % се изјасниле дека ретко применуваат ИКТ во наставата.<br>• 51% од наставниците им задаваат домашна работа на учениците.<br><br>Со цел да се зголеми интересот за учење кај учениците анкетираните наставници од училиште ги навеле следниве активности:<br>- Наставата и практичниот дел да се во согласнос со новите тренндови на стопанството.<br>- Опремување на кабинетите со соодветни наставни средства и помагала<br>- Спојување на теоретските знаења со практиката;<br>- Соработка со разни институции;<br>- Стипендирање на талентираните ученици со државни награди;<br>- Употреба на вистински реални критериуми за вреднување на квалитетот на наставата.<br>• Дали во комуникацијата со учениците за време на часовите секогаш барате повратна информација за содржината кој ја изучувате?<br>- Сите наставници (100%) од учениците за време на часовите бараат повратна информации.<br>• Дали при оценување на учениците ги користите стандардите и критериуми за оценување?<br>• 90% од наставниците сметаат дека имаат воспоставен систем за оценување.<br>• Во моментот што сметате дека ви е најпотребно за вашиот професионалес развој (обуки, семинари и сл. од која област)?<br>-Сите наставници (100%) сметаат дека им е потребни обуки за работа со ученици со ПОП.<br>• Дали методите на работа за време на часовите ги прилагодувате во зависност од потребите на учениците?<br>- 100% од наставниците во училиштето работа за време на часот ја |

| | | |
|---|---|---|
| | | прилагодуваат според моменталната состојба на учениците и потребите на учениците. |

**Резултати:** *Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости*

**Клучни јаки страни**

- Еедуцирани наставници отворени за усовршување и унапредување на наставата;
- Целосно применување на интерактивната настава од поголемиот дел од наставниците со што се следат најновите трендови во образованието со примена на современи форми, методи и техники;
- Мирно и безбедно училиште, наставниот процес се одвива во мирна и безбедна средина која не е изложена на надворешни несоодветни влијанија
- Успешна идентификација на образовните потреби на сите ученици;
- Успешно применување на објективност, отвореност и критичност за време на наставата и во оценувањето на учениците;

**Слабости**

- Немотивираност на учениците за постигања на повисоки цели и знаења
- Мал број на ученици на ниво на училиште
- Мал број на мотивирани ученици кои постигаат висок успех
- Недостаток на наставни средства и помагала кои ќе придонесат за поголем квалитет во наставата
- Недостаток на учебници по стручните предмети од кои ќе учат за време на наставата
- Недостаток од додатна стручна литература која е во согласност со наставните планови и програми
- Недоволни обуки за наставен кадар во поглед на предавање и работа со ученици со ПОП и недоволни обуки за стручните соработници во поглед на давање на поддршка и работа со ученици со ПОП и нивните семејства.

**Анализа на резултатите:** *Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*

Наставниците во нашето училиште на почетокот на секоја учебна година го изготвуваат годишните и тематските планови и програми за сите наставни предмети, дополнителна, додатна настава и проектни активности што претставува услов за квалитетна настава. Меѓусебната комуникација на наставниците како при формални средби (активи, наставнички совети и сл. обуки и семинари) така и за време на неформални средби (во наставничка канцеларија) им се овозможува размена на информации и искуства во однос на планирањето на наставниот процес и нови иновативни методи и технички за примена во наставата.
Недостатокот на наставни средства и помагала со кои располага училиштето доведува до проблеми во наставата кои наставниците се обидуваат успешно да ги решат. Целосната примена на интерактивната настава доведува до успешно следење на најновите трендови.

Во училиште не постои фаворизирање на одредени ученици за време на наставата. Наставниците со различни методи ги мотивираат подеднакво учениците и ако поголемиот број од учениците не покажуваат внатрешна мотивација. Оценувањето на учениците е бројчено и учениците за својот напредок се информираат од наставниците, а родителите се информирани преку родителски средби, евидентни листови, електронски дневник и групни и индивидуални советување на родители. На крајот од учебната година за постигнатиот успех се информира преку свидетелства, дипломи и е-дневник.

**Идни активности:** *Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот за развој на училиштето*

1. Да се промовира училиштето и образовните профили на посовремен начин и метод, да се подигни реномето на училиштето се со цел зголемување на бројот на ученици.
2. Да се зголеми мотивираноста кај учениците и наствниците, а со тоа ќе се зголеми и квалитетот на реализација на наставните планови и програми. Да се изработат стратегии кои ќе бидат фокусирани на ученикот и ќе го подигнат нивото на воспитно-образовниот процес.
3. Мислењето на наставниците, родителите и учениците да биде ориентир за идните активности на училиштето
4. Да се интензивира соработката со родителите во сите сфери од воспитно-образовниот процес
5. Да се подигне квалитетот на начинот на реализација на практичната настава односно изнаоѓање на нови (за учениците поприемливи) фирми каде учениците ќе обавуваат настава по предметот Учење преку работа кај работодавач.

**Тим за ПОДРАЧЈЕ 3: Учење и настава**

- Мимоза Христова - претседател
- Душанка Соколовска - член
- Снежана Петрова - родител

*Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.*

*Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.*

*Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.*

*Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*

**Оддели во рамките на подрачјето:**

- **Севкупна грижа на учениците**
- **Здравјето и пост- конфликтните трауми**
- **Советодавна помош на учениците**
- **Следење на напредокот**

<table>
<tr><td colspan="2">Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(и) Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Наведете ги сите документи кои се прегледани.</td><td></td></tr>
<tr><td><ul><li>Електронски дневници</li><li>Годишна програма на директорот</li><li>Статут на училиштето</li><li>Записници од состаноци на активите на училиштето</li></ul></td><td>Училишниот простор е безбеден за изведување на настава во една смена.<br>Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор.<br>Училиштето има изготвено План за безбедност. Во него се наведени мерки за заштита, спасување и евакуација.<br>Двајца од редот на вработените ( Илија Петровски- наставник и Васко Јовановски - хаусмајстор) се обучени за заштита од пожар, евакуација и спасување. Истите се назначени и за лица за давање на прва помош.<br>Исто од редот на вработените, наставникот Владимир Илиевски, е избран за претставник за безбедност и здравје при работа.<br>Во училиштето на видливи места во ходниците, поставени се шеми за движење на учениците и вработените низ училиштето во случај на елементарна непогода.<br>На 6.12.2023 год изведена е симулација за брзо напуштање на училишната зграда во случај на земјотрес, со следење на упатствата поставени во ходниците на училиштето и со учество на пожарните единици, брзата помош и црвениот крст на општина Битола.<br>Поставени  се противпожарни апарати и насоки за движење во случај на пожар; училиштето е вклучено во проектот на  МВР ,, Безбедно училиште,, ; Во училиштето се преземаат мерки за санкционирање на насилство од било каков вид.<br>Во училиштето, согласно препораките на Комисијата за заразни болести, МОН и ЦЈЗ, на видливи места во сите ходници, училници и канцеларии,  поставени се средства за дезинфекција и следните известувања:<ul><li>Алгоритам за постапување во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителен/позитивен на ковид -19,</li><li>Постапка при појава на ученик позитивен на ковид – 19,</li><li>Превентивни мерки за заштита од корона вирус,</li></ul>Училиштето редовно врши дезинфекција на просториите по наставата.<br>Раководниот тим на нашето училиште се грижи да обезбеди здрава и безбедна училишна средина со организирање дежурства  од страна на наставниците и учениците; доследно спроведување на законот против пушењето;  реновирани се ходниците, дограмата и фасадата на училиштето; поставени се нови табли, телевизори и компјутери за изведување онлајн настава, ако има потреба; опремена е е-училница за обуки и предавања за учениците и наставниците; оградено е фудбалското игралиште;  оградена е еко градина за производство на органски чаеви и</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | зачини, а во тек е оградување на површина за органска зеленчукова градина и лозов насад.<br>Во ходниците на водливи места се поставени витрини со нагледни средства, како и големи витрини во кои се изложени пехари и дипломи од државните натпревари на кои учествува училиштето. |
| ➢ **Годишна програма на психолог**<br>➢ **Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето и на одделни документи од неа.**<br>➢ **Изработката на Годишната програма за работа на училишниот психолог**<br>➢ **Изработка на Програмата за советување на родители на ученици во средно училиште**<br>➢ **Изработка на План за превенција од насилство.**<br>➢ **Изработка на Програма за работата на инклузивниот тим**<br>➢ **Изработка на Програма за работа со ученици кои имаат емоционални потешкотии** | Емоционалните, физичките и социјалните потреби ,училиштето ги оценува преку комуникација наставник-ученик или психолог-ученик како и комуникација со родител-наставник-психолог преку советодавни разговори.<br>Психологот го прати напредокот на учениците преку водење на ученички досиеја, непосредни разговори со учениците и родителите, посета на часови, разговори со наставниците.<br>Следењето на учениците со физички и ментални здраствени проблеми и на оние со посебни потреби се врши преку секојдневната работа за време на наставата, непосредните контакти на наставниците со учениците, систематските прегледи, разговорсо родителите и сл.<br>Остварува соработка со службата за социјални грижи и други асоцијации, како и вклучување на учениците во слободните ученички активности.<br>Доколку постои сомневање за злоупотреба на одделни ученици, стручната служба во училиштето ги запознава родителите на учениците и надлежните служби и институции.<br>Редовно се спроведуваат систематски прегледи на учениците од I и IV год.<br>Врши посета на часови.<br>За работата на психологот, учениците и нивните родители се информираат преку индивидуални и групни средби – советување на родители и со вклучување на психологот во активностите предвидени со годишната програма.<br>Психологот го прати напредокот на проблематичните ученици преку анализа по класови и на ниво на училиште, а за оценување на ставовите на учениците во врска со разни девијантни појави како наркоманијата, алкохолизмот, пушењето и малолетничката деликвенција спроведува анкети и прашалници. Исто организира предавања, дебати, трибини во училиштето и во соработка со локалната заедница (Црвен Крст, МВР, ЗГ ,,Младите можат,, ЗГ ,, Амос,, и ,, Порака Нова,, и др.); Исто така согласно законот за средно образование, организира советувања со родители на проблематични ученици, како и по барање на наставник, ученик или родител.<br>Врз основа на резултатите од евиденцијата се согледуваат слабостите и потешкотиите на кои наидуваат учениците и се преземаат соодветни стратегии за надминување на истите.<br>Согласно законот за средно образование за учениците кои преминуваат во други училишта, училиштето доставува преведница на училиштето во кое преминал ученикот.<br>Училиштето не го испишува ученикот се додека не добие повратна информација од училиштето во кое ученикот преминал. По доставувањето на извештајот се доставуваат и сите податоци за успех, редовност и поведение.<br>Исти такви податоци училиштето добива од она училиште од кое доаѓа ученик. |

| | |
|---|---|
| ➢ **Изработка и водење на професионално досие на наставниците**<br><br>➢ **Советување со родители**<br><br>➢ **Советување со ученици** | Во отсуство на вакви податоци училиштето ги добива информациите преку воспоставување контакт со училиштето во кое ученикот посетувал настава.<br>За потребите на учениците со ПОП, соработува со соодветната комисија во општината која определува лични асистенти и поднесува месечни извештаи за работата на асистентите во училиштето, како и со родителите и наставниците кои работат со таквите ученици.<br>Психологот е и секретар на УМК, и навремено ги извршува сите задачи пропишани со законот. |
| ⅄ **Кодекс на однесување во училиштето и во училишното стопанство** | Во училиштето безбедноста на учениците, компјутерите, земјоделските машини и алати се обезбедува со поставување правила на однесување. Има кодекс на однесување во училиштето(за наставници,ученици, администрација) и училишното стопанство кој е влезен во статутот на училиштето. Оваа учебна година, истиот беше дополнет.<br>Кодексот на однесување на учениците и Кодексот за однесување на наставниците и стручните соработници се истакнати во секоја училница и наставничката канцеларија.<br>При користење на машини или научни инструменти со кои располага училиштето се врши редовна проверка на нивната исправност, правилно користење на нагледните средства и помагала, користење на заштитни хигиено-технички средства, користење на заштитна опрема како нараквици, мантили за работа, чизми, капи, маски. |
| ⅄ **Одделенски дневници**<br>⅄ **Документи на правната служба**<br>⅄ **Материјали од работата наСоветот на родители;**<br>⅄ **Програма за работа на**<br>⅄ **стручната служба;**<br>⅄ **Програма за работа на класните часови;**<br>⅄ **Програма за работа на кариерниот центар** | Редовноста, поведението и други забелешки во врска со учениците се евидентираат во дневниците, евидентните листови, ученичките книшки, сведителствата и матичните книги. При отсуство или некаков друг проблем на ученик, наставникот е должен телефонски и со писмена порака да го извести родителот. Исто така телефонскиот број на училитето и електронската пошта, се достапни на сите родители да се јавуваат доколку имаат потреба.<br>Во правната служба уредно се заведуваат сите писмени покани до родители, исписници, испити од полагања на учениците и сите други документи во врска со учениците.<br>Преку родителските средби и на класните часови, родителите и учениците се запознават со постоењето на стручна служба во училиштето и за видот на помошта која можат да ја добијат како советодавна работа со учениците, при изборот за учество во слободни активности, додатната и дополнителна настава; советодавна работа со учениците кои покажуваат асоцијално однесување,нередовност и слаб успех; советодавна работа со родителите чии деца побрзо напредуваат, или пак имаат проблеми во учењето, редовноста и дисциплината.<br>Со програмата за работа на класен час учениците се учат на вредности од општото живеење како толерантност, недискриминирање, демократија, полова и родова еднаквост и други теми кои ке им помогнат да бидат поинформирани и подобри луѓе. Исто така, оваа учебна година, на класен час се спроведуваат и вежби за ментално здравје. Неколку наставници и психологот присуствуваа на обука ,,Ментално здравје,, во организација на ЗГ ,, Младите можат,,. Фасилитатор на обуката беше лиценциран психотерапевт за Гешталт психотерапија Тиана Ивановска.<br>Во согласност со Програмата за професионално ориентирање се преземаат активности за |

| | |
|---|---|
| | кариерно ориентирање, промоција на факултетите, посета на организации со дејност поврзана со струката и други компании од регионот. Исто така, неколку наставници и психологот посетуваа обука за кариерно советување на учениците организирана од ЗГ ,,Младите можат,, со фасилитатори од Асоцијацијата на лиценцирани кариерни советници. |
| - **Е -Дневници**<br>- **Матични книги**<br>- **Ученички легитимации;**<br>- **Записници од родителски**<br>- **средби;**<br>- **Закон за средно образование**<br>- **Преведници;**<br>- **Свидетелства;**<br>- **Дипломи;**<br>- **Досие на учениците;** | Во училиштето нема  регистер за учество и постигнати резултати на учениците во ученички натпревари, изложби, конкурси и други манифестации.<br>Евидентирањето на редовноста на учениците, поведението и нивниот развој го вршат наставниците и им е достапно на учениците и на родителите преку родителските средби, евидентни листови и свидетелствата и е-дневник.<br>Врз основа на резултатите од евиденцијата се согледуваат слабостите и потешкотиите на кои наидуваат учениците и се преземаат соодветни стратегии за надминување на истите.<br>Согласно законот за средно образование за учениците кои преминуваат во други училишта, училиштето доставува преведница на училиштето во кое преминал ученикот.<br>Училиштето не го испишува ученикот се додека не добие повратна информација од училиштето во кое ученикот преминал. По доставувањето на извештајот се доставуваат и сите податоци за успех, редовност и поведение.<br>Исти такви податоци училиштето добива од она училиште од кое доаѓа ученик.<br>Во отсуство на вакви податоци училиштето ги добива информациите преку воспоставување контакт со училиштето во кое ученикот посетувал настава и со користење на податоци од евидентните листови на ученикот и свидетелствата од претходните год. |
| - Прашалник за наставници подготвен од наставниците Живка Иванова, Катерина Раденков и Моника Талевска<br>- Меѓусебни разговори | Анкетирани беа вкупно 10 наставници од кои 3 мажи и 7 жени , сите македонци, повеќето до 50 год.<br>Наставниците редовно го следат и бележат напредувањето на учениците и ги детектираат емоционалните, физичките, социјалните и другите потреби на учениците.<br>Училиштето делумно овозможува задоволување на потребите за знаења кај учениците со различни способности и преиспозиции ( ПОП, потешкотии во учењето и талентирани ученици)  и води грижа за безбедноста на учениците. Односите меѓу учениците и меѓу учениците и наставниците делумно се базираат на взаемно почитување и разбирање, во смисол кај учениците се забележува инертен однос кон училиштето, учењето, соучениците и наставнците.<br>Училиштето активно спроведува обуки за учениците, со цел подигање на свеста кај нив за безбедноста во училиштето и надвор од него. Исто така помага и при изборот за натамошно школување или вработување. За постгнатите резултати во учењето и другите активности, учениците редовно добиваат признанија и пофалби.Условите за изведување на наставата, делумно се подобрени, додека мерките кои се преземаат за заштита при работа постојано се подобруваат. |

| | |
|---|---|
| | Учениците и родителите делумно се свесни за своите обврски кон училиштето и учењето и постои немотивираност кај истите, што има за последица немотивираност и кај наставниците. Поддршката на учениците е една од јаките страни на училиштето, но има уште простор за подобрување, а со цел постигнување подобри резултати кај учениците и наставниците. Сите наставниците сметаат дека за исполнување на оваа цел е потребно да се работи повеќе на нивната мотивација. |
| ⅄ Прашалник за родители подготвен од Живка Иванова, Катерина Раденков и Моника Талевска | Од анализите кои што тимот за подршка на учениците ги направи врз основа на анкетните листови пополнети од родители, добиени се сознанија дека родителите се задоволни од работата на училишниот психолог во поглед на достапноста, проблемите и навременото и соодветно решавање на некоја тема или проблем во училиштето.Испитаниците и од машки и од женски пол немаат разидувања по однос на изготвениот прашалник. Во врска со извесувањата за успехот на учениците , родителите се задоволни, освен мал дел од нив околу 7,6% кои делумно се согласни со ова.<br>За мерките за заштита при работа ( ХТЗ опрема,заштита при работа со машини и алати, начин на евакуација при елементарни непогоди, гржата на наставниците за безбедноста на учениците во училиштето и училишното стопансво позитивно се изјасниле над 90%.<br>Во поглед на наставните средства и опрема во училиштето, обуката и изборот на понатамошното образование и вработување анкетираните родители високо ги вреднуаат.<br>Повеќе од 90% од анкетираните сметаат дека наставата е успешно прилагодена кон потребите на учениците, а класните раководители даваат целосна подршка во извествувањата за успехот и напредокот на учениците. Формирањето на вештини како посебен приоритет во наставата е од примарно значење за најголемиот дел од испитаниците, како основа за постигањата во учењето, воннаставните и проектните активности.<br>Значајни се и податоците добиени за нулта толеранција за дискриминација (полова, национална и верска), за која родителите имаат високо мислење (90%). Само мал дел од анкетираните родители покажуваат несериозност кон нивните обвски кон училиштето, односно околу7%. |
| ⅄ Прашалник за ученици подготврн од Живка Иванова, Катерина Раденков и Моника Талевска<br>⅄ Разговор со учениците. | Анкетирани беа вкупно 13 ученици од кои 3 женски и 10 машки, 12 македонци и 1турчин на возраст од 16-18 год<br>Од анализата, добиени се сознанија дека повеќето ученици се задоволни од мерките кои ги презема училиштето за нивна безбедност и заштита во училиштето и училишното стопанство и се чувствуваат безбедно.<br>Скоро сите ученици се запознаени со работата на стручната служба и помошта што можат да ја добијат од истата, како и помошта од класните раководители и другите наставници.<br>Најголем дел од учениците се изјасниле дека не се малтретирани психички или физички, или пак дискриминирани во училиштето по ниеден основ; дека помеѓу наставниците и учениците постои оснос на взаемно почитување и разбирање, дека наставниците им стојат на располагање на учениците за каква било помош, дека се вредни и праведни, им помагаат во работата за подобрување на успехот, ги пофалуваат за постигнатите резултати, ги вклучуваат во сите воннаставни и проектни активности. Исто така, голем дел од учениците се согласуваат со |

| | |
|---|---|
| | тврдењето дека наставата е прилагодена на потребите на учениците и дека условите во поглед на наставни средства и опрема постојано се подобруваат. Сите имаат позитивен став кон начинот на кој се изведува практичната настава. |

**Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни:**

- Работата на професорите-класни раководители. Секојдневно водат евиденција за редовноста, поведението и постигнувањата на учениците.
- Поддршката која се дава на учениците од страна на сите вработени.
- Водење грижа за безбедноста на учениците и вработените.
- Работата на стручната служба.
- Навремено известување на родителите-писмено и по телефон.
- Навремено и соодветно реагирање при проблеми на учениците.
- Работата на наставниците, која од анкетите е оценета како грижлива, праведна и мотивациска.
- Поддршката на учениците со ПОП и со потешкотии во учењето.
- Во рамките на можностите, училиштето дава поддршка на учениците за кои има сознанија дека имаат здравствени проблеми.
- Подобрување на условите за работа.
- Развивањето толеранција меѓу учениците од различни етнички заедници.
- Успешна соработка со локалната заедница (голем број на институции од општината, вклучување на ученици во проекти на локално ниво).
- Вклучување на ученици на конкурси и во проекти на национално ниво.

**Слабости**:

- Немање критериуми за мотивирање на наставниците, а со цел поуспешна работа со учениците.
- Немање евиденција за учеството и успесите на учениците на разни натпревари, трибини и тн.
- Мал број на опремени кабинети за настава.
- Мотивирање на учениците да ја подобрат редовноста и успехот.

**Самоевалвација на училиштето: СОЗУ "Кузман Шапкарев" - Битола Подрачје: Поддршка на учениците**

| |
|---|
| **Анализа на резултатите:**<br><br>***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
| Раководниот тим на нашето училиште се грижи да обезбеди здрава и безбедна училишна средина со организирање дежурства од страна на наставниците и учениците, користење на заштитни средства при ракување со алати и машини и со Кодекс на однесување во училиштето и училишното стопанство.<br>Раководниот тим на нашето училиште се грижи да обезбеди здрава и безбедна училишна средина со спроведување на препораките на МОН, Комисијата за заразни болести и ЦЈЗ, и со спроведување на вежба за евакуација при природна непогода, земјотрес.<br>Раководниот тим на нашето училиште се грижи да обезбеди здрава и безбедна училишна средина со подобрување на условите за работа во училиштето.<br>Раководниот тим на нашето училиште се грижи да обезбеди здрава и безбедна училишна средина со спроведување на обука за вработените за безбедност и здравје при работа.<br>Емоционалните, физичките и социјалните потреби, училиштето ги оценува преку комуникација наставник-ученик или психолог -ученик, како и комуникација со родител-наставник-психолог ,преку советодавни разговори.<br>За работата на психологот, учениците и нивните родители се информираат преку индивидуални или родителски средби и со вклучување на психологот во активностите предвидени со годишната програма.<br>Психологот го прати напредокот на проблематичните ученици преку водење записници, разговори со наставниците и родителите.<br>За оценување на ставовите на учениците во врска со разни девијантни појави како наркоманијата, алкохолизмот, пушењето и малолетничката деликвенција спроведува анкети и прашалници. Изготвува анализа на успехот и поведението на учениците на секое тромесечие и полугодие.<br>Наставниците стојат на располагање на учениците да помогнат за решавање на било каков проблем. Наставниците создале грижлива атмосфера за работа во која учениците не се плашат од испрашување и неправедно оценување. Наставниците имаат позитивен пристап кон учениците и нивното учење. Наставниците позитивно ги вреднуваат знаењата на учениците.<br>Во училиштето безбедноста на учениците, компјутерите, земјоделските машини и алати се обезбедува со поставување правила на однесување.<br>Редовноста, поведението и други забелешки во врска со учениците се евидентираат во е- дневници, евидентни листови, ученичките книшки, сведителствата и матичните книги. При отсуство или некаков друг проблем на ученик, наставникот телефонски, преку социјални мрежи и со писмена порака го известува родителот. Исто така телефонскиот број на училитето е достапен на сите родители да се јавуваат доколку имаат потреба. |

| |
|---|
| Во правната служба уредно се заведуваат сите писмени покани до родители, исписници, испити од полагања на учениците и сите други документи во врска со учениците. |
| **Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот за развој на училиштето**<br><br>1. Градење на критериуми за мотивирање на наставниците, а со цел поуспешна работа со учениците.<br>2. Истакнување на успесите на учениците и наставниците од разни натпревари, трибини и др.<br>3. Кабинети, лаборатории и нивно опремување.<br>4. Наогање начини за мотивирање на учениците за редовност и подобрување на успехот. |

Дата:
20.12.202

Изработил:
1. Живка Иванова
2. Катерина Раденков
3. Моника Талевска

Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.

**Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште, а не се опфатени во рамката за самоевалуација.**

**Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде е потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.**

**Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.**

## Оддели во рамките на подрачјето:

- **училишната клима и односи во училиштето**
- **промовираење на постигањата**
- **еднаквост и правичност**
- **соработка со родителите и со локалната средина**

**Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**
**(I) Обработка на документи**

| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| **Училишната клима и односи во училиштето**<br><br>Известувања од класните дневници, матичните книги и главната книга. Службата и психологот.<br>Записници од наставнички совети, записници од тимовите за работа по стручни активи.<br>Записници од управните одбори, родителски состаноци.<br>Програми од реализирани проекти.<br>Записници од увиди до бирото за развој на образование.<br>Учество на саеми за претставување на училиштето со слики и известувања. Записници од практична настава и работа на училишната фарма. | Ги собравме информациите од анкетите, набљудувањето и визуелните докази и заклучивме дека во нашето училиште владее многу позитивна клима, која се заснова на меѓусебното почитување и соработка, како меѓу наставниците така и на релација наставници-ученици, ученици со ученици, наставници-управа, (административна служба), наставници –техничка служба. (т.е.заедничка соработка и комуникација на сите субјекти во училиштето).<br>Во Училиштето учат ученици од повеќе етнички групи (македонска, албанцска,ромска ) и тоа Македонци од машки и женски пол,а Албанци машки пол и Роми само од машки пол.<br>Според националноста во најголем број се Македонци – 32, Албанци – 9 и Роми –1 од вкупниот број, од 42 ученици. Од нив 38 се машки , а 4 женски<br>Учениците се 100% задоволни од условите за учење во Училиштето. Другарството меѓу учениците е на највисоко ниво, и пристојноста во однесувањето на девојчињата и момчињата е на високо ниво. Меѓусебното другарување од различни националности е на одлично ниво. Од достапноста и помагањето на наставниците, учениците се скоро 100% задоволни. Во најголем процент учениците одговориле дека има наставник од кои би побарале помош ако имаат проблеми. Наставниците во одличен процент ги поттикнуваат учениците за подобрување на учењето. Меѓусебното помагање меѓу учениците е на одлично ниво. 90% од учениците одговорија дека имаат другари од друга националност. На прашањето за еднаквоста во однесувањето без разлика на националната припадност и полот учениците се 100% задоволни.. Наставниците 100% придонесуваат за поттикнување на дружење меѓу учениците. Учениците се 90% задоволни од односот на наставниците кон нив.Учениците 100% се чувствуваат безбедни во училиштето за време на лажните дојави на бомби.Најголемиот број од учениците ги применуваат протоколите . Сметаат дека околу 20% од учениците не ги почитуваат целосно протоколите.<br>Од спроведените разговори со стручната служба заклучено е дека за недисциплинираните ученици се спроведуваат соодветни постапки односно мерки како: разговарање со родителите, разговор со социологот и со психологот, со правна служба и т.н. За одредени случаи се намалува оцената за поведение, а исто така таквите ученици се упатуваат на (дополнителна) практична работа. Овие мерки подеднакво се применуваат без оглед на полот и етничката припадност.<br>Поведението кај учениците задоволува со исклучок на одредени ученици. За време на одморот ходниците се контролирани од страна на дежурните наставници и воглавно нема поголеми проблеми. На часовите дисциплината е под контрола на наставниците и е во најдобар ред. Нашето училиште е отворено за сите правни и физички лица кои ги интересира нашата работа и воедно сакаат да остварат контакти за било каква соработка со нас на сите полиња. |

| | |
|---|---|
| **Промовирање на постигањата**<br>Документација, записници за учество на учениците на сите нивоа и освоени места.<br>Видео записи, фотографии, добиени признанија и награди, пофалниции благодарници<br>учество на многубројни манифестации во училиштето и градот. Известувања од работата на кариерниот центар за развој на вештини. | Во постигањата на училиштето и негово промовирање подеднакво се застапени индивидулни постигања на сите ученици без разлика на нивните способности за учење и без разлика од кој пол се. Учениците кои покажуваат интерес (без разлика на полот и припадноста) се вклучуваат како во спортските натпревари така и во стручните натпревари (орање, сеење, ветеринарство, изведби и с.л.) и со тоа го претставуваат училиштето во градот и пошироко (во регионот и државата). Исто така, наши ученици земаат учество и на разни конкурси (општински и државни), разни гостувања, патувања, учество како демонстратори од разни теми (земјоделие кај насад, прва помош, теми за сидата, дрога, алхохол) и др. Учениците учествуваат и во јавни манифестации и културно-забавни програми,литературни читања и др.Постигањата на училиштето се промовираат и преку електронските медиуми. |
| **Еднаквост и правичност**<br><br>Програма за толеранција меѓу етничките групи.<br>Записници од посетени семинари за обука на наставниците.<br>Програма за ученичко посредување и преговарање.<br>Проект за меѓуетничка комуникација меѓу нашето училиште и партнер училишта од Тетово. | Сите ученици без разлика на полот,интелектуалните способности, социјалните состојби и етничката припадност, во нашето училиште подеднакво се третираат.Тие се вклучуваат во сите активности , без разлика дали се работи за спорт, феријална пракса, приредби, проекти за средношколска младина.<br>На училишните состаноци се води посебна евиденција за послабите и недисциплинираните ученици , се пронаоѓаат начини за нивно приближување кон редовната настава, вклучувајки ги искуствата на наставниците и службата на социологот и психологот како и самите родители.<br>Од спроведената анкета се гледа дека свеста на наставниците е на високо ниво, одговорно и еднакво се третираат сите ученици без разлика на нивната припадност и способност.<br>Социолошката и педагошката служба редовно и морално ја следи работата и придонесот на ова поле кај наставниците и нивиниот однос кон учениците.<br>Индивидуалните способности на учениците се различни, но тоа не е пречка за наставниците правилно да ги вреднуваат и координираат разните нивоа на знаење, што придонесува за правичност и нивна еднаквост. |

**Самоевалуација на училиштето: СОЗУ„Кузман Шапкарев”-Битола** **Подрачје: ЕТОС**

**Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)**

**Ученици:**

| Македонци | | Албанци | | Роми | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **Ж** | **м** | **ж** |
| **3** | **3** | **3** | **/** | **1** | **0** | **7** | **3** |

**АНОНИМЕН ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ**

*<u>Упатство за пополнување на прашалникот:</u>*
*Внимателно прочитај го секое прашање и одговори го така што ќе ја заокружиш опцијата со која се согласуваш.*

ПОЛ: машки женски

1. Дали ти се допаѓа училиштето во кое учиш?
   ДА – 9-90% НЕ – 1-10%

2. Дали имаш другар/ка во училиштето? ДА – 9-90% НЕ- 1-10%

3. Дали момчињата во твојот клас се однесуваат пристојно?
   ДА 9-90% НЕ – 1-10%

4. Дали момчињата во твојот клас се однесуваат пристојно?
   ДА- 7-70% НЕ 3-30%

5. Дали во класот меѓусебно си помагате?
   ДА 9-90% НЕ 1-10%

6. Дали имаш другари/ки од друга националност и дали си помагате?
   ДА- 9-90% НЕ1-10%

7. Дали наставниците се однесуваат пристојно?
   ДА 9-90% НЕ 1-10%

8. Дали наставниците ви помагаат во вашата работа?
   ДА 7-70% НЕ 3-30%

9. Дали наставниците се однесуваат коректно кон сите ученици?
   ДА 8-80% НЕ2-20%

10. Дали од некој од учениците во училиштето би побарал помош, доколку имаш некаков проблем? ДА 9-90% НЕ 1-10%

11. Дали од некој од наставниците би побарал помош, доколку имаш некаков проблем?
    ДА 8-80% НЕ 2-20%

12. Дали наставниците те поттикнуваат да си подобар во она што го правиш на училиште?
    ДА 9-90% НЕ 1-10%

13. Дали прифаќаш помош од други ученици?
    ДА 8-80% НЕ 2-20%

14. Дали прифаќаш помош од наставниците?
    ДА 10-100% НЕ 0-0%

15. Дали сметаш дека учениците во училиштето меѓусебно си помагаат?
    ДА 8-80% НЕ 2-20%

16. Дали мислиш дека во училиштето наставниците се однесуваат кон сите подеднакво без разлика на полот, возраста или националната припадност?
    ДА 10-100% НЕ 0-0%

17. Дали наставниците го поттикнуваат дружењето меѓу учениците?
    ДА 10-100% НЕ – 0-0%

18. Дали си задоволен/а од односот на наставниците кон учениците?
ДА 9-90% НЕ1-10%

19. Дали си задоволен од меѓусебниот однос на твоите соученици?
ДА 9-90% НЕ 1-10%

20. Дали се чувствуваш пријатно и безбедно во твоето училиште?
ДА 8-80% НЕ 2-20%

21. Дали се чувствуваше безбедно во училиштето при минатогодишните лажни најави за бомби во училиштата во нашата земја?
ДА 8-80% НЕ 2-20%

ТИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА ИСКРЕНИТЕ ОДГОВОРИ :-)

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).** | |
|---|---|
| **Соработка со родителите и локалната заедница**<br><br>Годишна програма на училиштето.<br>Извештаи на работата на училиштето.<br>Извештаи на работата на советот на родители.<br>Записници и службени писма од локални, правни и службени институции. | По собраните податоци од анкетите и разговорите, може да се заклучи дека родителите на нашите ученици можат да се вклучат во животот и работата на нашето училиште и имаат можност да се вклучат со свои идеи и предлози. Дел се од училишниот одбор, совет на родители, одредени комисии, вклучени се во донесувањето на голем број одлуки (поврзани со наставниот процес, материи, трошоци, производствениот процес на фарма, во разни културни настани, саеми, манифестации од јавен карактер, хуманитарни акции).<br>Родителите одговориле дека на нивните деца целосно 100%им се допаѓаат условите во кои што учат. Учениците во најголема мера самостојно учат. Родителите во најголем број не им помагаат при изработувањето на одредени задачи, проекти, семинарски и др. Присуството на родителите на училишните манифестации е на добро ниво. Соработката со наставниците за одредени проблеми на нивните деца е на многу добро рамниште. Исто така се многу задоволни од поттикнувањето на нивните деца од страна на наставниците за постигнување подобри резултати во учењето. Учениците се почитувани како индивидуи од страна на наставниците. Училиштето секогаш ги вклучува родителите и бара одредени мислења од нив. Родителите во најголем број се задоволни од извршувањето на практичната работа во училиштето. Во училиштето се добиваат соодветни практични и домашни задачи.( проекти набљудувања, саем). Целосно се |

| | |
|---|---|
| | задоволни од квалитетот на раководењето и управувањето со училиштето. Многу добро се информирани за активностите на училиштето. Целосно се задоволни од дружењето и соработката со деца од сите националности. Во најголем процент 100% домашното воспитување влијае врз успехот на нивните деца. 100% од родителите одговориле дека нивното дете е безбедно во нашето училиште за време на лажните дојави на бомби.<br>Во училиштето се одржуваат редовни родителски средби со што ги добиваат сите информации во врска со нивните деца, а исто така и воедењето на електронскиот дневник им дава увид во оцените на нивните деца во секое време.<br>Соработката со локалната заедница е исто така на повисоко ниво, често се стапува во контакти и размена на услуги.Органите на локалната власт се присутни во управниот одбор. Учествуваат во реализација на повеќе училишни проекти, предавања за безбедноста од страна на претставници на МВР и слично.<br>Се остваруваат трговски и производствени соработки со индустриски и стопански објекти .<br>Посета на културни институции (театар, кино, фестивали, музеи, библиотеки), ветеринарни станици, приватни земјоделци - со овие институции се разменуваат и идеи за подобрување на работата и условите на нашата фарма.<br>Секојдневно се контактира и соработува со другите училишта преку реализацијата на одредни проекти како што е проектот за меѓуетничка соработка. Исто така и со учеството во Еко проектот се придонесува за подигање на свеста на учениците и натавниците за еколошките проблеми кои го тиштат човештвото. Соработката активно се остварува и преку електронски медиуми. |

**Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)**

**Анкета родители:**

| Вк. | М | Ж | Македонци | | Албанци | | Роми | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | м | ж | м | ж | м | ж |
| 10 | 8 | 2 | 7 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 |

| Р.Б. | ПРАШАЊА ЗА РОДИТЕЛИ | ДА | % | НЕ | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дали на Вашето дете му се допаѓа училиштето во кое што учи? | 10 | 100 | 0 | 0 |
| 2 | Дали Вашето дете работи самостојно? | 10 | 100 | 0 | 0 |
| 3 | Дали Вие му помагате при изработка на одредени задачи, проекти и семинарски работи? | 7 | 70 | 3 | 30 |
| 4 | Дали присуствувате на училишни манифестации (саеми на училиштето пропаганди, културно уметнички и спортски дејности, патронати и сл.)? | 6 | 60 | 4 | 40 |
| 5 | Дали соработувате со некој наставник за одредени проблеми со Вашето дете? | 10 | 100 | 0 | 0 |
| 6 | Дали се чувствувате пријатно кога се обраќате во училиштето со прашања за некој проблем? | 10 | 100 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **7** | Дали сметате дека наставниците очекуваат Вашето дете да даде максимум во извршувањето на своите задачи? | **10** | **100** | **0** | **0** |
| **8** | Дали наставниците ги почитуваат индивидуалните тешкотии и потреби на детето? | **10** | **100** | **0** | **0** |
| **9** | Дали училиштето бара мислење од родителите и ги зема во предвид нивните барања и сугестии? | **6** | **60** | **4** | **40** |
| **10** | Дали родителите се задоволни од извршувањето на практичната настава во училиштето? | **9** | **90** | **1** | **10** |
| **11** | Дали во училиштето се даваат соодветни практични и домашни задачи (проекти, набљудувања, саеми и сл.)? | **10** | **100** | **0** | **0** |
| **12** | Дали добро се раководи и управува со училиштето? | **10** | **100** | **0** | **0** |
| **13** | Дали добро сте информирани за активностите на училиштето и неговите главни одлуки? | **10** | **100** | **0** | **0** |
| **14** | Моето дете добро се вклопува во училиштето и се дружи и соработува со деца од сите националности? | **10** | **100** | **0** | **0** |
| **15** | Дали домашното воспитување влијае врз успехот на Вашето дете? | **10** | **100** | **0** | **0** |
| **16** | **Дали сте задоволни во какви услови за работа има вашето дете на училиште?** | **10** | **100** | **0** | **0** |
| **17** | **Наставниците се стручно оспособени за работа во настава** | **10** | **100** | **0** | **0** |
| **18** | **Наставниците се стручно оспособени за работа со деца ПОП-посебни образовни потреби** | **7** | **70** | **3** | **30** |
| **19** | **Постои соработка ученик-ученик** | **7** | **70** | **3** | **30** |
| **20** | **Постои соработка класен раководител-ученик-родител** | **10** | **100** | **0** | **0** |
| **21** | **Постои соработка родител-ученик-психолог** | **10** | **100** | **0** | **0** |
| **22** | **Редовно го користам Е -дневник** | **8** | **80** | **2** | **20** |
| **23** | **Редовно сум известен од класниот раководител за постигањата и напредокот на моето дете** | **6** | **60** | **4** | **40** |
| **24** | **Дали вашето дете е безбедно во училиштето?** | **10** | **100** | **0** | **0** |

| Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
